**З А П И С Н И К**
**од Педесет и шестата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 27.2.2018 година**

**Скопје, март 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и шестата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 27.2.2018 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Билен Саљији, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Ширете Елези, заменичка на министерот за финансии, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи. Вети Ѓеоргиевска, директорка за меѓународни односи во Агенцијата за цивилно воздухопловство, Фирус Мемед, заменик на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство (в.к.в), Милјана Војдановска, претставник од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (в.к.в), Руфат Хусеини, директор на Државниот инспекторат за транспорт, Јован Деспотовски, директор на фондот за иновации и технолошки развој, Дарко Каевски, директор на Агенцијата за млади и спорт (в.к.в), Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи, Марија Милкова, претставник од Центарот за управување со кризи, Гајур Кадриу, директор на ЈП „Македонијапат“ и Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа.
Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски

прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од 34-та, 50-та, 52-та и 53-та седница на Владата на Република Македонија, одржани на 31.10.2017 година, 23.1.2018 година, 30.1.2018 година и 6.2.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2017 година на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост

2. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за мерките и процедурите за олеснување во цивилното воздухопловство

3. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли

4. Информација за потребата од склучување на Договорите за купопродажба на недвижен имот со Друштвото за производство и трговија Костал Македонија ДООЕЛ

Охрид како купувач, со Нацрт-договори за купопродажба на недвижен имот, со Предлог-одлуки

5. Информација за моменталниот статус на административните и оперативните капацитети и предложените мерки за зајаканување на административните и оперативните капацитети на Државниот инспекторат за транспорт

6. Информација со Среднорочна програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за 2018-2020 година, со Предлог-одлуки

7. Информација за Годишен извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2017 година, со Предлог-одлука

8. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите (ДП.03-749/17)

9. Информација за воспоставување на Регионалната кацеларија за младинска соработка со Западен Балкан

10. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Град Скопје

11. Предлог-одлука за давање на согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште, на кое Република Македонија е сопственик на најмалку 70% од вкупната површина на градежната парцела, на другите сопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела

12. Информација за предавање на возила на трајно користење на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми – „Македонски шуми“, со Предлог-одлука

13. Информации од Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и ЈП „Македонијапат“-Скопје, во врска со состојбите предизвикани од снежното време што ја зафати Република Македонија, со Предлог-мерки и препораки за навремено справување со состојбата

**б) Економски систем и тековна економска политика**

14. Предлог-закон за пријавување и евиденција на обврски

15. Предлог-закон за изменување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај

16. Предлог-програма за изменување на Програмата за управување со водите за 2018 година

17. Информација за обезбедување на финансиски средства за проектот „Водоснабдување на Делчево“, со усогласен текст на Билатерален договор

18. Информација за продажба на недвижна ствар во с.Росоман сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

19. Информација за продажба на недвижна ствар во село Смојмирово – Општина Берово, сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижна ствар во село Смојмирово – Општина Берово

20. Информација за продажба на недвижна ствар во Охрид, сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог – одлука

21. Информација за воведување на заеднички контроли на надлежните органи на Република Македонија и Република Србија на патните гранични премини Табановце-Прешево и Пелинце-Прохор Пчињски

22. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел Ибис Стајлс Скопје–Скопје, со Предлог-решение

23. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од Хотел Леонардо–Скопје, со Предлог-решение

24. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од Хотел Цар Самуил-Струмица, со Предлог-решение

25. Информација со Предлог-решение за нормално функционирање на ИПАРД структура и соодветно искористување на ЕУ средства

26. Информација за расположлив финансиски буџет за мерка „Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства“ од ИПАРД II и бараната финансиска поддршка за инвестициите кои што вклучуваат набавка на трактор од јавниот повик бр.01/2017 од ИПАРД II

27. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за МХЕЦ Тополка со реф.бр.316 и придружни објекти КО Дреново, општина Чашка, со Предлог-одлука

28. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за поставување на 10(20)КВ вод за приклучување на МХЕЦ Врановска река 312 со напојна точка КО Г. Врановци и КО Лисиче, општина Чашка, со Предлог -одлука

29. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на полигон за обука на возачи КО Г.Оризари, Општина Битола, со Предлог–одлука

30. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација

за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Три чешми-вон г.р., Општина Штип, со Предлог-одлука

31. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има изграден бесправен помошен објект и објект за примарна обработка на земјоделски производи со непосредна спогодба со ДПТУ „Зелена куќа“ ДОО с. Горни Подлог, Кочани, со Предлог -одлука

32. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДПТУ „Агронимекс” ДООЕЛ увоз-извоз, ул. Февруарски поход бр.48/43 – Скопје, Општина Аеродром, со Предлог–одлука

33. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за земјоделие, трговија и услуги Канет агро ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

34. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за трговија и услуги Дојрана фреш продуце ДООЕЛ с. Прдејци Гевгелија, со Предлог-одлука

35. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, промет и услуги „Винарија Попов“ ДООЕЛ, Сопот Кавадарци, со Предлог-одлука

36. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за промена на трасата на инфраструктурен линиски објект водозафат со цевковод за мала хидроелектрична централа Одри со реф. бр.106 со изведена траса КО Одри-вон г.р., Општина Теарце, со Предлог–одлука

37. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за промена на трасата на инфраструктурен линиски објект водозафат со цевковод за мала хидроелектрична централа Одри со реф. бр.105 со изведена траса КО Одри-вон г.р, Општина Теарце, со Предлог-одлука

38. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г3-сервиси КО Кучевиште-вон г.р., Општина Чучер Сандево, со Предлог–одлука

39. Информација од Координативното тело во врска со ангажирање на правни застапници на Република Македонија по повод поведена арбитражна постапка од страна на Кунико Ресорсис Н.В против Република Македонија

40. Информација за потреба од формирање на работна група во врска со проектот „Интегриран национален систем за управување со нуспроизводи од животинско потекло“

41. Информација за можноста за понатамошно вклучување на Република Македонија во Регионална иницијатива - Програма за развој на зелени градови

42. Информација во врска со активностите кои ги превзема Република Македонија кон Бернската конвенција, со Извештај за поплака

**в) Политички систем**

43. Предлог-закон за меѓународна и привремена заштита

44. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија

45. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судовите

46. Предлог-закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за преземање на лица со незаконски престој

47. Информација за Стратегијата на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот и акциониот план 2018-2020, со Предлог-стратегија и Акциски план

48. Информација за подготовката на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Унија и Република Македонија, кој ќе се одржи на 19 март 2018 година во Брисел

49. Извештај за завршени преговори за склучување на Договор помеѓу Владата на Република Албанија и Владата на Република Македонија за соработка во областа на дијаспората, со усогласен текст на Договорот помеѓу Владата на Република Албанија и Владата на Република Македонија за соработка во областа на дијаспората

**г) Човечки ресурски и одржлив развој**

50. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, по скратена постапка

51. Предлог-закон за Математичко-информатичка гимназија

52. Информација за склучување на Протокол меѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за цивилни работи на Босна и Херцеговина за соработка во областа на образованието, со усогласен текст на Протокол

53. Информација за реформите на средното стручно образование (техничко образование)

54. Информација за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавна набавка за склучување на повеќегодишни договори за изградба и надзор над изградба на ново училиште во место викано Љубош, КО Долно Количане, с.Батинци, Општина Студеничани

55. Информација за активностите на проектот Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на средни и основни училишта во Република Македонија, продолжување на рокот за реализација на склучениот договор за изведување на градежни работи и продолжување на Договорите за заем F/P 1611 и F/P 1732 со Банката за Развој при Советот на Европа

56. Информација за потпишување на Меморандум за партнерство и соработка во образованието помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Меѓународната организација за франкофонија, со усогласен текст на Меморандум

57. Информација со предлог за утврдување области за стипендирање студенти запишани на некој од најдобрите рангирани универзитети од Шангајскиот Џио Тонг Универзитет, со Табеларни прегледи

58. Информација за подготовката за воведување на босанскиот јазик во редовната настава во основното деветгодишно образование

59. Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година

60. Информација за одземање на одобрение за основање на Приватна установа за деца – Центар за ран детски развој „Призма“ во Куманово, со Предлог-одлука

61. Информација по доставено Барање за одобрение за основање приватна установа за деца - детска „Мисс Поппинс Реџио Емилија” во Скопје, со Предлог – одлука

62. Информација за текот и прогресот за отворање на центрите за ран детски развој во соработка со УНИЦЕФ во Република Македонија

63. Информација за склучување на Анекс на посебен колективен договор заради зголемување на платата на дел од вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар-Скопје

## Б. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) Економски систем и тековна економска политика

64. Предлог-одлука за престанување на важењето на Тарифникот за висината на надоместоците за поднесено барање за добивање согласност и за дадено стручно мислење

65. Предлог-одлука за давање право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Битола

66. Предлог–одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија

67. Предлог-одлука за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба

68. Предлог-одлука за укинување на увозната давачка - царинската стапка за ткаенини од предиво со голема јачина, од најлон или од други полиамиди или од полиестри

69. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги БА цонструцтион ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на локалитетот „Краста“, општина Сарај

70. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, транспорт, промет и услуги Еуро-бетон ДООЕЛ извоз-увоз с. Град Делчево на локалитетот „Дуните“ с. Тработивиште, Општина Делчево

71. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – подземна вода на Друштвото за производство и трговија на друга флаширана вода од извори МЛ-гари ДОО експорт-импорт Скопје на локалитетот „Звинчица“ с.Гари, Општина Дебар

72. Предлог–одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – глина на Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги Универзал-С ДОО увоз-извоз Крива Паланка на локалитетот „Крива Круша“, Општина Ранковце

73. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Крстец“, Општина Прилеп

74. Предлог–одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – кварц на Цементарница Усје АД Скопје на локалитетот „Цепенка“ с. Варвара, Општина Студеничани и Општина Сопиште

75. Предлог–одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги Л&Л цомпани ДОО Гостивар, на локалитетот „с. Речане“, Општина Гостивар

76. Предлог–одлука за утврдување на вишокот на неексплоатирани количини на минерална суровина - геотермална вода од експлоатационите бунари на локалитетот „Д.Подлог-Бања“, Општина Кочани и Општина Чешиново–Облешево

77. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина – андезитски туфови на Друштвото за транспорт и трговија ДМ-Прециз ДОО Штип на локалитетот „Лозенско Брдо“, Општина Карбинци

78. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот “Превалец 1”, општина Велес, од Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги УС-констракшан експорт-импорт ДООЕЛ Куманово на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги Каменолом техно павер ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

79. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот „Тодорови Бавчи“, Општина Велес, од Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги УС-констракшан експорт - импорт ДООЕЛ Куманово на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги Каменолом техно павер ДООЕЛ увоз - извоз Скопје

80. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермеризиран варовник на локалитетот „Свети Трипун“ с.Говрлево, Општина Сопиште на Цементарница „Усје“ АД Скопје

81. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – железно никлосна руда на локалитетот „Ржаново”, општина Кавадарци

82. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар и злато на Друштвото за производство, промет и услуги Еуромакс ресоурцес ДОО Скопје на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село

**б) Политички систем**

83. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на здружението Општинска организација на Сојузот на борците од Народно-ослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 и граѓаните продолжувачи во Општината Струга

84. Барање на Иван Куков, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

85. Барање на Лангерас Константинос, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурски и одржлив развој**

86. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука - Државен просветен инспекторат

87. Предлог-одлука за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „Св.Лука“-Скопје

88. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Дебарца

89. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

90. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

91. Барање за давање на автентично толкување на член 4 точка 14 и член 264 став (1) точка 14 од Царинскиот закон, поднесено од пратеникот Мира Стојчевска

92. Барање за давање на автентично толкување на член 218 став (1) од Законот за извршување, поднесено од пратеникот Томислав Тунтев

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

93. Иницијатива поднесена од  Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на зборот” осум” од член 33 став 1 и зборовите  ги “извести” од член 37 став 3 од Законот за државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/07, 81/07, 36/11, 18/13, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 152/15 и 53/16)

94. Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 193-а став 2 во делот: „освен доколку подносителот на претставката изнесува или пронесува нешто невистинито што може да наштети на честа и угледот на здравствениот работник, односно на здравствениот соработник поради што здравствениот работник односно здравствениот соработник може да поднесе тужба“ од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15 и 37/16), поднесена од Дарко Јаневски од Скопје

95. Иницијатива од Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДООЕЛ Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.167/17 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 7 став 2 и 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 52/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16)

96. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.161/2017 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 19-а став 1 алинеја 3 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на

Република Македонија“, бр.50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014 и 33/2015), поднесена од Стамен Филипов од Скопје

97. Иницијатива поднесена од Сојуз на здруженија на возачи и инструктори, авто школи и учесници во сообраќајот АМС АР-ДИ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.162/2017 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 244 став 3 и став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/2015, 226/2015 и 55/2016)

98. Понуда од нотар Роза Николова за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6203 за КО Ѓорче Петров 4 - Влае на КП бр. 2989

99. Понуда од нотар Олга Димовска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 29132 за КО Карпош на КП бр. 1568

## В. ДРУГИ ПРЕДЛОЗИ

100. Кадровски прашања

101. Прашања и предлози

## Г. ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

102. Информација за состојбата и за потребата од преземање мерки околу загадувањето на акумулацијата „Лисиче“-Велес

103. Финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО Скопје за прв квартал (јануари-март) од 2017 година

104. Информација за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2017 година

105. Информација за потребата од раскинување на Договорот за доделување на државна помош на корисник на Технолошко индустриската развојна зона „Скопје2“, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и ДПТТУ „Енергија Инвест ЛТД“ експорт-импорт, ДООЕЛ, Илинден

106. Извештај за работата на Државниот испитен центар за 2017 година, со Финансиски извештај за 2017 година

107. Извештај за работа на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба во 2017 година

108. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправна сеча на шума во периодот од 1.10.2017 до 31.12.2017 година

109. Информација од трилатералната средба на министерот на Владата на Република Македонија задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми, со државниот министер за дијаспора на Република Албанија, Пандели Мајко и заменик претседателот на Владата на Република Косово и министер за дијаспора и стратешки инвестиции, Дардан Гаши, одржана во Охрид на 24.1.2018 година

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

110. Информација за формирање на Меѓувладина мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, со Предлог-решение

111. Предлог-одлука за затворање на Почесен конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Тусон, со Предлог–одлука

112. Предлог за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Тусон, со Предлог–решение

113. Предлог за затворање на Почесен конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Сан Диего, со Предлог-одлука

114. Предлог за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Сан Диего, со Предлог-решение

115. Предлог за затворање на Почесен конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Колумбус (Охајо), со Предлог-одлука

116. Предлог за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Колумбус (Охајо), со Предлог-решение

117. Предлог за затворање на Почесен конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Њу Порт Коуст, со Предлог-одлука

118. Предлог за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Њу Порт Коуст, со Предлог-решение

119. Предлог за затворање на Почесен конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Наплес (Флорида), со Предлог-одлука

120. Предлог за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Наплес (Флорида), со Предлог-решение

121. Предлог за затворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Индија, со седиште во Бангалор, со Предлог-одлука

122. Предлог за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во Индија, со седиште во Бангалор, со Предлог-решение

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 34-та, 50-та, 52-та и 53-та седница на Владата на Република Македонија, одржани на 31.10.2017 година, 23.1.2018 година, 30.1.2018 година и 6.2.2018 година

*

*        *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Владата го разгледа Планот 3-6-9 (статус 27.2.2018 година) и притоа ги констатира и заклучи:

1. Во делот 1. Реформа во правосудството, во мерката 1.1.3 Донесување на Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судови и Предлог-закон за изменување на Законот за Судскиот совет– на Дневен ред за разгледување на денешната седница на Владата;

2. Во делот 2. Реформа на безбедносните и разузнавачките служби, во мерките 2.1.4 Усвојување на Националната стратегија на Република Македонија за борба против тероризам, со Акциски план и 2.1.5 Усвојување на Национална стратегија на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам, со Акциски план–подготвени се и во текот на наредниот ден ќе влезат во владина постапка;

3. Во делот 6. Борба против организираниот криминал и корупција,

\- Мерката 6.1.4 Спроведување на обуки за вработените во Националниот координативен центар - обуките се во тек и за три дена ќе завршат;
\- Мерката 6.1.5 Усвојување на Стратегијата за зајакнување на финансиските истраги и конфискација на имот, со Акциски план - на Дневен ред за разгледување на денешната седница на Владата;

4. Во делот 9. Избори, во мерката 9.1.2 Дефинирање и усвојување на Нацрт-план за реформи за изборниот систем. Имплементацијата на реформата започнува веднаш и треба да заврши најмалку шест месеци пред следните избори - да се констатира дека во тек се консултации околу реформи на изборниот систем и начелно е договорено истата да се одвива во две фази и тоа менување на моделот за Државната изборна комисија и потоа прифаќање на забелешките на ОБСЕ/ОДИХР на Изборниот закон, како и други измени доколку постои согласност.

5. Во делот 10. Миграции и гранично управување,

- Мерката 10.1.1 Потпишување на Договор меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија-ФРОНТЕКС - активностите се во тек;
- Мерката 10.1.4 План за спроведување на обука за членовите на Националната единица за криумчарење на мигранти и трговија со луѓе-се очекува да почнат обуките;
- Мерката 10.1.7 Донесување на Законот за меѓународна и привремена заштита-на Дневен ред за разгледување на денешната седница на Владата.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност писмено да ја извести Европската комисија за се што е сработено на планот на транспарентност на Владата, како и во делот на Министерството за финансии, во однос на транспарентност на Буџетот и реформата на јавните набавки.
Воедно, се задолжува Министерството за финансии да ја информира Европската комисија во врска со враќањето на ДДВ и плаќањето на обврските на државата.

2. Сите министерства да преземаат навремени активности во рамките на нивната надлежност за реализација на мерките содржани во Планот 3-6-9+.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2017 година на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост, (нов текст) во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за мерките и процедурите за олеснување во цивилното воздухопловство, со заклучок членот 2 од Уредбата да гласи: „Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот, средствата да ги обезбеди во рамките на годишните програми за здравствена заштита на животните.

## Точка 4

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од склучување на договорите за купопродажба на недвижен имот со Друштвото за производство и трговија Костал Македонија ДООЕЛ Охрид како купувач, со нацрт - договори за купопродажба на недвижен имот и предлог – одлуки за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања и консултации по материјалот

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за моменталниот статус на административните и оперативните капацитети и предложените мерки за зајаканување на административните и оперативните капацитети на Државниот инспекторат за транспорт и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии и Државниот инспекторат за транспорт да ја активираат реализацијата на Стратешкиот план за развој на Државниот инспекторат за транспорт од 2018 година до 2020 година, кој треба да се измени во насока динамиката за имплементација на проектот да биде продолжена за две години.

2. Се задолжува Министерството за финансии за 2018 година за зајакнување на административните капацитети по доставено Барање од Државниот инспекторат за транспорт да одобри финансиски средства за четири (4) нови вработувања и тоа:
- три (3) советници инспектори и
- еден (1) сметководител.

3. Се задолжува Државниот инспекторат за транспорт при следното планирање на Буџетот да достави барање до Министерството за финансии за купување на три (3) нови возила, а Министерството за финансии ова барање да го има в предвид.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата со Среднорочна програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за 2018-2020 година, со Предлог-одлуки (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебен дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за 2018-2020 година, во предложениот текст.

3. Се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој да ги предвиди потребните буџетски средства за јавни повици од Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за 2018 – 2020 година, во буџетските формулари за секоја фискална година, а Министерството за финансии истите да ги земе во предвид при подготвување на Буџетот на Република Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 7**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Годишен извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2017 година, со најнов текст на Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување на Регионалната кацеларија за младинска соработка со Западен Балкан, ја усвои и ја задолжи Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за изнајмување на простор согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, за отварање на Национална канцеларија за младинска соработка во Скопје – претставништво на Регионалната канцеларија за младинска соработка на Западен Балкан.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Град Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште, на кое Република Македонија е сопственик на најмалку 70% од вкупната површина на градежната парцела, на другите сопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за предавање на возила на трајно користење на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми-Македонски шуми, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми - Македонски шуми, со заклучок Дирекцијата за заштита и спасување текстот на Одлуката, номотехнички да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 13**

Владата ги разгледа информациите од Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и ЈП „Македонијапат“-Скопје, во врска со состојбите предизивикани од снежното време што ја зафати Република Македонија, со предлог мерки и препораки за

навремено справување со состојбата и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Министерството за внатрешни работи и ЈП „Македонијапат"-Скопје, да бидат во постојана комуникација и координација, во функција на навремено преземање на превентивни мерки и активности и притоа сите информации и активности што се поврзани со снежното време и ниските временски температури што ја зафатија Република Македонија задолжително навремено да бидат доставувани до Центарот за управување со кризи, со цел нивно понатамошно дистрибуирање и навремено постапување.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во соработка со ЈП „Македонијапат" да го зголемат бројот на дежурни служби и сообраќајни контроли и патроли, особено на повисоките места, кои ќе ги предупредуваат возачите за задолжително поседување на зимска опрема, но и медицинска кутија за прва помош, а по потреба ќе информираат и за забрани за движење и пренасочување на тешки товарни возила.

3. Се препорачува на сите градоначалници на општините во Република Македонија и на градоначалникот на Град Скопје, веднаш да ги ставаат на готовност сите расположливи ресурси (материјално – технички, кадровски, опрема, механизација и слично).

4. Се препорачува на ЕВН Македонија, веднаш да формира тимови во функција на зголемена мобилност и готовност, кои ќе треба итно да реагираат во случај на нарушување на системот за снабдување со електрична енергија.

5. Се задолжува Службата за односи со јавност на Владата, да упати апел до сите граѓани на Република Македонија, доколку сметаат дека се загрозени или имаат сознание дека други граѓани може да бидат загрозени од ниските временски температури, да се јават на бесплатниот број 195 во Центарот за управување со кризи, со цел понатамошно навремено доставување на информациите и податоците до сите надлежни институции.

6. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Црвениот крст на Република Македонија, во рамки на Министерството да направи посебен план (Центар), со цел навремено и превентивно згрижување на сите бездомни лица, не само од територијата на Град Скопје, туку од целата територија на Република Македонија;

7.Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Агенцијата за лекови и медицински средства, веднаш да направат анализа/проценка за евентуална потреба од достава на лекови до граѓаните кои имаат потреба од достава на лекови, а се оневозможени поради временските услови.

## <u>Точка 14</u>

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за пријавување и евиденција на обврски и го утврди со следните заклучоци:

1. Последниот член на Предлог-законот (одредбата за влегување во сила) номотехнички да се преформулира, согласно укажувањето на секретарот на Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за пријавување и евиденција на обврски да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието, се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници, Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Вера Проковиќ, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 15**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и м-р Ремзи Мехмеди, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереник Елена Атанасовска Ангеловска, раководителка на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за управување со водите за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на финансиски средства за проектот „Водоснабдување на Делчево“, со усогласен текст на Билатералниот договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Билатералниот договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Швајцарската Конфедерација за доделување на техничка и финансиска помош за проектот „Водоснабдување на Делчево”.

2. Се овластува Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање да го потпише Билатералниот договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Швајцарската Конфедерација за доделување на техничка и финансиска помош за проектот „Водоснабдување на Делчево”.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижна ствар во с.Росоман сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со најнов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижна ствар во с.Росоман, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на недвижна ствар во село Смојмирово – Општина Берово сопственост на Република Македонија-корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижна ствар во село Смојмирово – Општина Берово, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на недвижна ствар во село Смојмирово – Општина Берово, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижна ствар во Охрид сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на недвижна ствар во Охрид, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на заеднички контроли на надлежните органи на Република Македонија и Република Србија на патните гранични премини Табановце - Прешево и Пелинце - Прохор Пчињски и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Царинската управа да ги преземат потребните активности за воведување на заеднички контроли на надлежните органи на Република Македонија и Република Србија на патните гранични премини Табановце – Прешево и Пелинце – Прохор Пчињски и во рок од 15 дена, преку Министерството за надворешни работи да ги информираат надлежните органи на Република Србија за интересот и формирањето на мешовита работна група, составена од институции кои имаат надлежности на граничните премини.

2. Се задолжува Царинската управа, во соработка со Министерството за внатрешни работи во рок од 30 дена да ја информира Владата за резултатите од преземените активности, наведени во точка 1 во врска со воведувањето на заеднички контроли на надлежните органи на Република Македонија и Република Србија на патните гранични премини Табановце – Прешево и Пелинце – Прохор Пчињски.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел „Ибис Стајлс Скопје“ –Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од Хотел Леонардо–Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Хотел „Леонардо“-Скопје, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, со седиште на ул. Партениј Зографски бр.19 Скопје), во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од Хотел „Цар Самуил“-Струмица, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-решение за нормално функционирање на ИПАРД структура и соодветно искористување на ЕУ средства и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до Министерството за финансии да достави барање за нови вработувања/унапредувања, по претходно извршена координација со Министерството за финансии и со направена приоритизација и фазна реализација на наведените потреби за пополнување на кадар во Телото за управување со ИПАРД.

2. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој до Министерството за финансии да достави барање за нови вработувања/унапредувања по претходно извршена координација со Министерството за финансии и со направена приоритизација и фазна реализација на наведените потреби за пополнување на кадар.

3. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, најдоцна до 15 март 2018 година, до Владата да достави Извештај за состојбата на материјално техничките ресурси на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, со Предлог-мерки за решавање на потребите.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, најдоцна до 31 март 2018 година да ги достави измените и дополнувањата на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во владина постапка.

**Точка 26**

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Информацијата за расположлив финансиски Буџет за мерка „Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства“ од ИПАРД II и бараната финансиска поддршка за инвестициите кои што вклучуваат набавка на трактор од јавниот повик бр.01/2017 од ИПАРД II.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за МХЕЦ Тополка со реф.бр.316 и придружни објекти КО Дреново, општина Чашка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во

градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за МХЕЦ Тополка со реф.бр.316 и придружни објекти КО Дреново, општина Чашка, во предложениот текст.

Притоа, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, не присуствуваше на седницата на Владата при расправата и одлучувањето по однос на овој материјал и беше изземен согласно доставеното Известување, врз основа на одредбите од член 13 од Законот за спречување на судир на интереси.

**Точка 28**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за поставување на 10(20)КВ вод за приклучување на МХЕЦ Врановска река 312 со напојна точка КО Г Врановци и КО Лисиче, општина Чашка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за поставување на 10(20)КВ вод за приклучување на МХЕЦ Врановска река 312 со напојна точка КО Г Врановци и КО Лисиче, општина Чашка, во предложениот текст.

Притоа, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, не присуствуваше на седницата на Владата при расправата и одлучувањето по однос на овој материјал и беше изземен согласно доставеното Известување, врз основа на одредбите од член 13 од Законот за спречување на судир на интереси.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на полигон за обука на возачи КО Г. Оризари, Општина Битола, со Предлог – одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на полигон за обука на возачи КО Г. Оризари, Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Три чешми-вон г.р., Општина Штип, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнително усогласување на текстот на материјалот со Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 31

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има изграден бесправен помошен објект и објект за примарна обработка на земјоделски производи со непосредна спогодба со ДПТУ „Зелена куќа“ ДОО, с. Горни Подлог, Кочани, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнително усогласување на текстот на материјалот со Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДПТУ „Агронимекс” ДООЕЛ увоз-извоз, ул.Февруарски поход бр.48/43-Скопје, Општина Аеродром, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за земјоделие, трговија и услуги „Канет агро“ ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за трговија и услуги „Дојрана фреш продуце“ ДООЕЛ с. Прдејци Гевгелија, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, промет и услуги „Винарија Попов“ ДООЕЛ, Сопот Кавадарци, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 36

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за промена на трасата на инфраструктурен линиски објект водозафат со

цевковод за мала хидроелектрична централа Одри со реф. бр.106 со изведена траса КО Одри-вон г.р., Општина Теарце, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за промена на трасата на инфраструктурен линиски објект водозафат со цевковод за мала хидроелектрична централа Одри со реф. бр.106 со изведена траса КО Одри-вон г.р. Општина Теарце (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за промена на трасата на инфраструктурен линиски објект водозафат со цевковод за мала хидроелектрична централа Одри со реф. бр.105 со изведена траса КО Одри-вон г.р, Општина Теарце, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за промена на трасата на инфраструктурен линиски објект водозафат со цевковод за мала хидроелектрична централа Одри со реф. бр.105 со изведена траса КО Одри-вон г.р., Општина Теарце, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г3-сервиси КО Кучевиште-вон г.р., Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г3-сервиси КО Кучевиште-вон г.р., Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата од Координативното тело во врска со ангажирање на правни застапници на Република Македонија по повод поведена арбитражна постапка од страна на Кунико Ресорсис Н.В против Република Македонија, со прилозите кон неа и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се согласува со содржината на предложеното писмо и полномошно за застапување доставено од страна на адвокатската куќа „WHITE&CASE“ од Вашингтон и предлог наведените цени за давање на адвокатски услуги.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, во рок од три дена да ги потпише предложените документи и тоа, писмото за ангажирање и полномошното за застапување, кои се доставени во прилог на оваа Информација.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од формирање на работна група во врска со проектот „Интегриран национален систем за управување со нуспроизводи од животинско потекло“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од три дена да формира работна група која на координиран начин и интегрално ќе ги разгледа можностите за проширување на системот за интегрирано управување со нуспроизводи од животинско потекло и на други видови на отпад и/или нуспроизводи и која ќе даде препораки за преземање на соодветни чекори заради ефикасно планирање на активностите на предложената инвестиција, вклучително и можностите за финансирање, која да биде составена од претставници од:

- Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори;
- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерството за здравство;
- Министерството за животна средина и просторно планирање и
- Агенцијата за храна и ветеринарство.

2. Се задолжуваат наведените институции од заклучокот број еден, во рок од три дена, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да номинираат по еден претставник во работната група.

3. Се задолжува работната група, препораките од заклучокот број еден, најдоцна до 3.3.2018 година да ги достави до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 5.3.2018 година, до Владата да достави Информација која ќе се заснова на наодите и препораките на работната група и со која ќе ја информира Владата во врска со проектниот Предлог и можните начини на негово финансирање.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за понатамошно вклучување на Република Македонија во Регионална иницијатива-Програма за развој на зелени градови и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економски ресори, во улога назначен/овластен национален координатор кон Зелениот климатски фонд, веднаш да ги извести Зелениот климатски фонд и Европската банка за обнова и развој по однос на заземениот став на Владата на Република Македонија за понатамошно вклучување на Република Македонија во Програмата за развој на зелени градови, согласно воспоставената процедура за комуникација со Зелениот климатски фонд.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да

ја провери можноста за вклучување и искористување на Програмата за развој на зелени градови и од страна на општини кои се со помалку од 100.000 жители.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите кои ги превзема Република Македонија кон Бернската конвенција, со Извештај за поплака и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои Извештајот на Поплака бр. 2017/2 за наводни негативни влијанија поради развојот на инфраструктурата врз локациите на езерскиот брег на Охридското Езеро и Националниот парк Галичица, кандидат за Емералд локација (заштитено подрачје).

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, веднаш по усвојувањето на оваа информација, Извештајот на Поплака бр. 2017/2 за наводни негативни влијанија поради развојот на инфраструктурата врз локациите на езерскиот брег на Охридското Езеро и Националниот парк Галичица. кандидат за Емералд локација (заштитено подрачје), да го достави во рок од три дена, до Секретаријатот на Бернската конвенција преку Министерството за надворешни работи.

**Точка 43**

Владата го разгледа Предлог-законот за меѓународна и привремена заштита (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието, се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошничка на министерот за внатрешни работи.

**Точка 44**

Владата на предлог на Билен Саљији, министер за правда, го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 45**

Владата на предлог на Билен Саљији, министер за правда го одложи разгледувањето на Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 46**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за преземање на лица со незаконски

престој, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието, се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, д-р Арта Точи, заменичка на министерот за надворешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Наташа Дескоска, директорка во Министерството за надворешни работи и Весна Доревска, помошничка на министерот за внатрешни работи.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за Стратегијата на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот и акциониот план 2018-2020, со Предлог-стратегија и Акциски план (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои новиот текст на Стратегијата на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот.

2. Го прифати новиот текст на Акцискиот план на Стратегијата за финансиски истраги и конфискација на имот 2018-2020.

3. Се задолжуваат Министерството за правда и Министерството за финансии (Управа за јавни приходи, Царинска управа, Управа за финансиска полиција, Управа за финансиско разузнавање), а се укажува на Јавното обвинителство на Република Македонија, Основниот суд Скопје 1 - Скопје и Агенцијата за управување со одземен имот, во рок од три дена, до Министерството за внатрешни работи да доставаат номинации на двајца претставници од своите институции, за член и заменик член во Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот и Акцискиот план 2018-2020.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за формирање на Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот и Акцискиот план 2018-2020, во рок од пет дена од денот на добивањето на номинациите.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Унија и Република Македонија, кој ќе се одржи на 19 март 2018 година во Брисел и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се определува Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање од македонска страна за ко-претседавач на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој.

2. Се задолжува ко-претседавачот на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, во соработка со Секретаријатот за европски прашања да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот до 2.3.2018 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања добиените пишани материјали на англиски јазик, согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската Комисија до 2.3.2018 година.

**Точка 49**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на Договор помеѓу Владата на Република Албанија и Владата на Република Македонија за соработка во областа на дијаспората, со усогласен текст на Договорот помеѓу Владата на Република Албанија и Владата на Република Македонија за соработка во областа на дијаспората и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Албанија и Владата на Република Македонија за соработка во областа на дијаспората.

2. Се определува министерот без ресор, задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Албанија и Владата на Република Македонија за соработка во областа на дијаспората.

**Точка 50**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието е определена Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, а за повереници м-р Елена Грозданова, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководителка на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 51**

Владата го разгледа Предлог-законот за Математичко-информатичка гимназија (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.
За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука и д-р Арбер Адеми, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници м-р Анета Трпевска, државен секретар во Министерството за образование и наука и Милка Масникоса, раководителка на сектор во Министерството за образование и наука.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Протокол меѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за цивилни работи на

Босна и Херцеговина за соработка во областа на образованието, со усогласен текст на Протокол и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот меѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за цивилни работи на Босна и Херцеговина за соработка во областа на образованието.

2. Се овластува д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука, да го потпише Протоколот меѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за цивилни работи на Босна и Херцеговина за соработка во областа на образованието.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за реформите на средното стручно образование (техничко образование) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да продолжи со реализацијата на новите наставни планови за градежен техничар, хотелско-угостителски техничар и електротехничар за компјутерска техника и автоматика во шесте пилот средни стручни училишта и во учебната 2018-2019 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да започне со целосна реформа во стручното образование од учебната 2019-2020 година доколку се добиени позитивни резултати од спроведувањето на новите наставни програми во шесте пилот училишта.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука да ја известува Владата на секои шест месеци за реализација на активностите од заклучоците 1 и 2.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавна набавка за склучување на повеќегодишни договори за изградба и надзор над изградба на ново училиште во место викано Љубош, КО Долно Количане, с.Батинци, Општина Студеничани и ја усвои со следниов заклучок:

- Се одобрува на Министерството за образование и наука отпочнување на постапки за јавна набавка за склучување на повеќегодишни договори за изградба и надзор над изградба на ново училиште во место викано Љубош, КО Долно Количане, с.Батинци, Општина Студеничани, доколку предлагачот добие позитивно мислење од Министерството за финансии за истото.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на проектот Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на средни и основни училишта во Република Македонија, продолжување на рокот за реализација на склучениот Договор за изведување на градежни работи и продолжување на Договорите за заем F/P 1611 и F/P 1732 со Банката за Развој при Советот на Европа и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да достави барање до Министерството за финансии за продолжување на Договорите за заем F/P 1611 за една година и F/P 1732 за три години.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ја реализира постапката за продолжување на Договорите за заем F/P 1611 за една година и F/P 1732 за три години.

3. Доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење, Владата дава одобрение за склучување на Анекс кон Договорот со АД Гранит, ГД Скопје за продолжување на рокот за реализација до 30.9.2018 година и продолжување на рокот за реализација до 18.3.2022 година, по добивање на одобрение за продолжување на Договорите за заем F/P 1611 за една година и F/P 1732 за три години од Банката за развој при Советот на Европа.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за партнерство и соработка во образованието помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Меѓународната организација за франкофонија, со усогласен текст на Меморандум (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за партнерство и соработка во образованието во согласност со стратешките рамки на Франкофонијата (2015-2022).

2. Се овластува министерот за образование и наука, д-р Рената Дескоска, да го потпише Меморандумот за партнерство и соработка во образованието во согласност со стратешките рамки на Франкофонијата (2015-2022), по пат на размена на писма.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог за утврдување области за стипендирање студенти запишани на некој од најдобрите рангирани универзитети од Шангајскиот Џио Тонг Универзитет, со Табеларни прегледи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука, при објавување на конкурсот за доделување на стипендии за прв, втор и трет циклус за академската 2018/2019 година на некој од најдобрите рангирани универзитети од Шангајскиот Џио Тонг Универзитет, стипендија да се доделува доколку универзитетот е рангиран помеѓу првите десет универзитети во сите области.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, при објавување на конкурсот за доделување на стипендии за прв, втор и трет циклус за академската 2018/2019 година на некој од најдобрите рангирани универзитети од Шангајскиот Џио Тонг Универзитет, стипендија да се доделува доколку универзитетот е рангиран помеѓу првите 100 универзитети во следните области: технички науки, архитектура, градежништво, математика, меѓународно право, економија и финансии, физика, биологија, хемија и генетика.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука, при објавување на конкурсот за доделување на стипендии за прв, втор и трет циклус за академската 2018/2019 година на

некој од најдобрите 100 рангирани универзитети од Шангајскиот Џио Тонг Универзитет, да се земе предвид рангирањето на универзитетот, но не и на факултетот.

4. Се задолжува Министерството за образование и наука, максималниот износ на уписнината да го ограничи на 40.000 евра годишно, а секој износ над оваа сума да се плаќа од страна на студентот.

5. Се задолжува Министерството за образование и наука, да објави оглас за доделување на стипендии од Република Македонија во странство, согласно наведените инструкции.

**<u>Точка 58</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката за воведување на босанскиот јазик во редовната настава во основното деветгодишно образование и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието, да изврши измени во наставниот план, да подготви наставни програми по предметот босански јазик, да изврши нивен превод на босански јазик но и на останатите наставни програми по предметите кои ќе бидат застапени во прво одделение и истите да ги достави до министерот за образование и наука на одобрување, најдоцна до 31 март 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука - Управа за развој и унапредување на образованието, на јазиците на припадниците на заедниците да го следи процесот за воведување на босанскиот јазик во редовна настава, но и да соработува со институциите надлежни за воведување на босанскиот јазик во редовна настава, како и да го известува министерот за образование и наука на месечно ниво.
3. Се задолжува Министерството за образование и наука - Педагошка служба, да распише Конкурс за издавање на учебник за прво одделение по предметот босански јазик, најдоцна до 15 април 2018 година.

4. Се задолжува Министерството за образование и наука - Педагошка служба, да обезбеди превод на босански јазик за останатите учебници кои ќе бидат застапени во прво одделение, најдоцна до 30 јуни 2018 година.

5. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги одобри наставните планови и програми предложени од Бирото за развој на образованието, како и да обезбеди финансиски средства за воведување на босанскиот јазик во редовна настава во основното деветгодишно образование од учебната 2018/2019 година.

**<u>Точка 59</u>**

Владата го разгледа и прифати најновиот текст на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година.

**<u>Точка 60</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање на Приватна установа за деца-Центар за ран детски развој „Призма“ во Куманово, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на одобрение за

основање на Приватна установа за деца-Центар за ран детски развој „Призма“ во Куманово, во предложениот текст.

## Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање приватна установа за деца-детска градинка „Мисс Поппинс Реџио Емилија” во Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца-детска градинка „Мисс Поппинс Реџио Емилија” во Скопје (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот за отворање на Центрите за ран детски развој во соработка со УНИЦЕФ во Република Македонија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика на секои шест месеци да ја информира Владата за прогресот на активностите за отворање на Центрите за ран детски развој, во соработка со УНИЦЕФ во Република Македонија.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да го има предвид мислењето на Министерството за финансии, односно горенаведените активности да се реализираат доколку избраните општини имаат доволно средства во сопствениот буџет за покривање на трошоците за функционирањето на Центрите за ран детски развој.

## Точка 63

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс на посебен колективен договор заради зголемување на платата на дел од вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар-Скопје и ја усвои со следниот заклучок:

- Се овластува в.д. директорот на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар-Скопје да потпише Анекс на Колективниот договор со кој ќе се изедначат коефициентите за плата на здравствените работници и соработници вработени во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар-Скопје со коефициентите за плата на здравствените работници и соработници вработени во јавните здравствени установи, Универзитетски клиники во Скопје, почнувајќи од наредниот месец од денот на потпишувањето на Анексот, притоа да го има предвид мислењето на Министерството за финансии кое укажува потребните средства за изедначување на коефициентите Јавната установа да ги обезбеди во рамки на сопствениот буџет.

## Точка 64

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Тарифникот за висината на надоместоците за поднесено барање за добивање согласност и за дадено стручно мислење, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за давање право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба (нов текст) во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за укинување на увозната давачка -царинската стапка за ткаенини од предиво со голема јачина, од најлон или од други полиамиди или од полиестри, за наредната седница на Владата.

**Точка 69**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог–одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги „БА цонструцтион“ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје, на локалитетот „Краста“, општина Сарај, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок Министерството за економија да ги разгледа укажувањата изнесени во најновото Мислење на Министерството за транспорт и врски и доколку е потребно да достави нов усогласен текст на материјал.

**Точка 70**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина –песок и чакал на Друштвото за производство, транспорт, промет и услуги „Еуро-бетон“ ДООЕЛ извоз-увоз, град Делчево на локалитетот „Дуните“ с. Trаботивиште, Општина Делчево, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок Министерството за економија да ги разгледа укажувањата изнесени во најновото Мислење на Министерството за транспорт и врски и доколку е потребно да достави нов усогласен текст на материјал.

**Точка 71**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог–одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – подземна вода на Друштвото за производство и трговија на друга флаширана вода од извори „МЛ-Гари“ ДОО експорт-импорт, Скопје на локалитетот „Звинчица“ с.Гари, Општина Дебар, за наредната седница на Владата, откако

претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок Министерството за економија да ги разгледа укажувањата изнесени во најновото Мислење на Министерството за транспорт и врски и доколку е потребно да достави нов усогласен текст на материјал.

**Точка 72**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – глина на Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги „Универзал-С“ ДОО увоз-извоз, Крива Паланка на локалитетот „Крива Круша“, општина Ранковце, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок Министерството за економија да ги разгледа укажувањата изнесени во најновото Мислење на Министерството за транспорт и врски и доколку е потребно да достави нов усогласен текст на материјал.

**Точка 73**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Крстец“ Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – кварц на „Цементарница Усје“ АД Скопје на локалитетот „Цепенка“ с. Варвара, Општина Студеничани и Општина Сопиште (нов текст) во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги „Л&Л цомпани“ ДОО Гостивар, на локалитетот „с.Речане“, Општина Гостивар, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок Министерството за економија да ги разгледа укажувањата изнесени во новото Мислење на Министерството за транспорт и врски и доколку е потребно да достави нов усогласен текст на материјал.

**Точка 76**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на вишокот на неексплоатирани количини на минерална суровина - геотермална вода од експлоатационите бунари на локалитетот „Д. Подлог - Бања“, Општина Кочани и Општина Чешиново – Облешево, во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина – андезитски туфови на Друштвото за транспорт и трговија „ДМ-Прециз“ ДОО Штип на локалитетот „Лозенско Брдо“, Општина

Карбинци за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок Министерството за економија да ги разгледа укажувањата изнесени во најновото Мислење на Јавното претпријатие за државни патишта и доколку е потребно да достави нов усогласен текст на материјал.

**Точка 78**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот "Превалец 1", општина Велес од Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги „УС-констракшан експорт-импорт" ДООЕЛ Куманово, на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги „Каменолом техно павер" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот „Тодорови Бавчи", Општина Велес од Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги „УС-констракшан експорт–импорт" ДООЕЛ Куманово, на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги „Каменолом техно павер" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермеризиран варовник на локалитетот „Свети Трипун" с.Говрлево, Општина Сопиште на Цементарница „Усје" АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – железно никлосна руда на локалитетот „Ржаново", општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог - одлуката за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар и злато на Друштвото за производство, промет и услуги „Еуромакс ресоурцес" ДОО Скопје на локалитетот „Иловица", Општина Босилово и Општина Ново Село.

**Точка 83**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на здружението Општинска организација на Сојузот на борците од Народно-ослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 и граѓаните продолжувачи во општината Струга (нов текст) во предложениот текст.

**Точка 84**

Владата го разгледа Барањето на Иван Куков, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за економија и на Министерството за финансии утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 85**

Владата го разгледа Барањето на Лангерас Константинос, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за економија и на Министерството за финансии утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 86**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука - Државен просветен инспекторат, во предложениот текст.

**Точка 87**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „Св.Лука“ – Скопје, во предложениот текст .

**Точка 88**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Дебарца, во предложениот текст.

**Точка 89**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 90**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово, во предложениот текст.

**Точка 91**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 4 точка 14 и член 264 став (1) точка 14 од Царинскиот закон, поднесено од пратеничката Мира Стојчевска и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесеното Барање, се бара автентично толкување на член 4 точка 14 и член 264 став (1) точка 14 од Царинскиот закон, во однос на тоа дали данокот на додадена вредност е увозна давачка со еднаков ефект на царина при увоз на стоки. Ова од причини, што доколку има грешка во царинската декларација и при тоа увозните давачки се пресметани во помал

износ се смета за цармнски прекршок и кога тие увозни давачки се само по основ на данок на додадена вредност, додека, доколку увозните давачки се платени во поголем износ царинскиот орган за повеќе уплатените средства упатувал на даночниот орган што пак било контрадикторно, односно Управата за јавни приходи немала дадено надлежност за поведување на првостепена прекршочна постапка на царинскиот орган од каде произлегувало дека истиот нема ниту надлежност да изрекува прекршочни санкции.

Согласно член 4 точка 14 од Царинскиот закон, „увозни давачки“ се царина и други давачки со еднаков ефект на царина кои се плаќаат при увоз на стока.

Согласно член 264 став (1) точка 14 од истиот закон, глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице и трговец поединец, ако: на царинскиот орган, директно или индиректно, во врска со спроведување на увозна царинска постапка му поднесе документи во кои се наведени невистинити податоци ако тоа предизвикува, или би можело да предизвика увозните давачки да не се платат или да се платат во помал износ или неосновано би се признала каква било царинска погодност, корист или право кое не му припаѓа (член 72 став (2).

Имајќи ја предвид дефиницијата за тоа што се подразбира под увозни давачки, се напоменува дека давачки со еднаков ефект на царина се прелевманите односно специфичните давачки кои се наплаќаат по единечна мера на количина на стока која се увезува.

Меѓутоа, во членот 9 од Царинскиот закон е наведено дека царинскиот орган наплатува увозни и извозни давачки и други давачки и даноци во согласност со прописите со кои се регулирани овие видови на давачки и даноци. Доколку со прописите од ставот (1) на овој член не е поблиску уреден начинот на постапување на царинскиот орган при плаќање и поднесување на гаранција за обезбедување на овие давачки и даноци, царинскиот орган ги применува одредбите од царинските прописи.

Согласно член 72 став (1) од Законот, царинска декларација во писмена форма се поднесува на образец пропишан со Уредбата за спроведување на Царинскиот закон. Царинската декларација во писмена форма мора да биде потпишана и мора да ги содржи сите податоци кои се неопходни за спроведување на царинските прописи со кои е регулирана царинската постапка за која стоката е декларирана. Согласно став (3) од истиот член, министерот за финансии го пропишува начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација.

Согласно член 258 од Царинскиот закон, неизвршувањето на дејствија утврдени со одредбите на царинските прописи или вршењето на дејствија спротивни на одредбите на царинските прописи претставуваат повреди на царинските прописи. Повредите на царинските прописи можат да бидат кривични дела или царински прекршоци.

Член 264 став (1) точка 11 од Царинскиот закон пропишува дека глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице и трговец поединец, ако во увозната царинска декларација наведе тарифна ознака во спротивност со податоците за видот на стоката во рубрика 31 од царинската декларација и која доведува до плаќање на увозните давачки или други давачки во помал износ (член 72 став (1)).

Согласно член 2 точка 11 од Законот за Царинската управа, царински прекршоци се прекршоци утврдени со овој Закон, Царинскиот закон, Законот за акцизите и/или други закони со кои одредени прекршоци се дадени во надлежност на царинската управа. Водење на прекршочна постапка, изрекување на прекршочна санкција и посебна прекршочна мерка за сторен царински прекршок согласно со закон е една од основните надлежности на Царинската управа, предвидено со член 10 од Законот за Царинската управа.

Согласно член 2 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.44/99 ... 189/16), предмет на оданочување со данокот на додадена вредност е увозот на добра. Членот 31 пропишува дека за време на настанување на даночниот долг при увозот на добра се смета денот на настанување на обврската за плаќање на царината и другите увозни давачки, или денот на внесување на доброто во земјата, кога се работи за добро кое не подлежи на плаќање царина, а даночен должник согласно членот 32 е лицето кое увезува добра. При увозот на добра, данокот на додадена вредност го пресметува надлежниот царински орган кој ја спроведува постапката за царинење согласно член 40. Данокот на додадена вредност при увозот се плаќа во исто време кога се плаќаат царинските давачки согласно член 43 од истиот закон.

Согласно горенаведеното, Царинската управа има законска надлежност да наплатува увозни и извозни давачки и други давачки и даноци во согласност со прописите со кои се регулирани овие видови на давачки и даноци и при плаќањето на овие давачки и даноци се применуваат одредбите од царинските прописи.

Согласно член 250 од Царинскиот закон, увозните или извозните давачки се враќаат доколку се утврди дека кога тие биле платени нивниот износ не претставувал долг според закон или дека износот бил дополнително евидентиран во царинската евиденција спротивно на членот 234-а став (2) од овој закон.

Согласно член 45 од Законот за данокот на додадена вредност, ако износот на претходниот данок во одреден даночен период е поголем од износот на данокот кој е пресметан за прометот кој го извршил, како и за прометот за кој тој е даночен должник според членот 32-а од овој закон, разликата му се враќа на даночниот обврзник врз основа на негово барање кое го искажува во даночната пријава. Ако даночниот обврзник не искаже такво барање, разликата се пренесува како даночна аконтација за следниот даночен период. Разликата на данокот од став (1) на овој член се враќа во рок од 30 дена по денот на поднесувањето на даночната пријава. Кога данокот на додадена вредност при увозот е пресметан и наплатен на добра кои се ослободени од данокот, или кога се наплаќа поголем данок од износот кој според овој закон се должи, наплатениот данок, односно повеќе наплатениот данок му се враќа на лицето кое нема или има делумно право да го одбие претходниот данок, во рокот од став (2) на овој член.

Решавањето на барањето за враќање на повеќе платен данок на додадена вредност е во надлежност на даночниот орган, согласно член 45 ставовите (1), (2) и (5) од Законот за данок на додадена вредност. Согласно член 9 став (1) од Царинскиот закон и член 21 од Законот за данок на додадена вредност, Царинската управа е надлежна за пресметка и наплата на увозни или извозни давачки, даноци, акцизи и други давачки утврдени со закон. Затоа во управните решенија за измена на податоци во царинската декларација, доколку има повеќе пресметан и платен данок на додадена вредност, Царинската управа го констатира правото на враќање на ДДВ и го доставува решението за извршување до Управата за јавни приходи.

Имајќи ја предвид наведената законска регулатива, се смета дека истата е јасна, односно во случајот нема потреба од давање на автентично толкување на членот 4 точка 14 и членот 264 став (1) точка 14 од Царинскиот закон од причина што Царинската управа е надлежна за наплата на данокот на додадена вредност при увоз на стока евидентиран и пресметан во царинска декларација во согласност со царинските прописи, па соодветно на тоа и за примена на прекршочните одредби при неправилна пресметка и наплата на истиот, додека Управата за јавни приходи е надлежна за враќање на повеќе платен данок на додадена вредност.

Неосновано е тврдењето на подносителот на Барањето дека Управата за јавни приходи не и ја дала надлежноста на Царинската управа за поведување на првостепена прекршочна постапка по основ на ДДВ. Ова, ако се има предвид одредбата од член 258-а од Царинскиот закон, според која за водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочна санкција и посебна прекршочна мерка за сторен царински прекршок, исклучива надлежност има прекршочниот орган утврден со Законот за Царинската управа. Искажувањето на невистинити податоци во царинската декларација, како што е и помалку пријавениот данок на додадена вредност претставува царински прекршок за кој исклучива надлежност има царинскиот орган.

**Точка 92**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 218 став (1) од Законот за извршување, поднесено од пратеникот Томислав Тунтев и притоа го утврди следното мислење:

Пратеникот Тунтев во своето Барање за давање на автентично толкување изнесе проблем дека јавните здравствени установи во постапките за извршување, се судирале со потешкотии заради нејасноста и непрецизноста на член 218 став (1) од Законот за извршување.

Членот 218 од Законот за извршување, е наследена одредба од стариот закон за извршна постапка („Службен весник на Република Македонија бр. 53/97) и остана ист и непроменет од 2005 година и гласи:

„(1) Врз предмети и права на Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања, доколку тие се неопходни за вршење на нивната дејност, односно задачи.

(2) Кои предмети и права се неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот ќе определи претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршното дејство, ако во текот на спроведувањето на извршувањето, странките за тоа прашање не се согласат или инаку се укаже тоа како потреба.“

Судовите во Република Македонија го применуваат споменатиот член изминатите 12 години и притоа определуваат кои предмети и права (во нивното најшироко толкување, вклучувајќи ги тука и парите) се неопходни за вршење на дејноста, односно задачите на Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните

претпријатија, односно иземаат од можноста врз нив да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања.

Дилемата, е дали статусот на Јавната здравствена установа спаѓа во рамки на органите односно институциите, чии предмети и права се предмет на посебен третман во ситуација на присилно извршување, согласно одредбите на Законот за извршување. За таа цел беа консултирани: Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Законот за установите („Службен весник на Република Македонија” бр. 32/05, 120/05 и 51/11) кои содржат релевантни одредби за статусот на јавните здравствени установи, како и Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18).

Имено, јавните здравствени установи се јавни установи согласно Законот за установите, во кои се врши здравствената дејност согласно член 12, став (5) од Законот за здравствената заштита. Ова оттаму што установа, согласно член 3, од Законот за установите е форма на организирање заради вршење на јавна услуга како дејност која не е подведена под трговска дејност, утврдена со закон (нестопанска дејност), и која може со закон да биде утврдена како дејност од јавен интерес, а согласно член 4, од истиот закон се основа заради вршење на дејност во областа на образованието, науката, културата, здравството, социјалната заштита, детската заштита, заштита на лица со интелектуална или телесна попреченост, како и во други дејности кои со закон се утврдени како јавна услуга.

Јавна установа, согласно член 4, од Законот за установите, може да основа Република Македонија со средства во државна сопственост, како државна (национална) установа, општина или Градот Скопје со средства во сопственост на општината, односно Градот Скопје како општинска јавна установа, односно јавна установа на Градот Скопје.

Јавно здравствена установа согласно член 58, став (1) од Законот за здравствената заштита, може да се основа и да престане со одлука на Владата, во согласност со потребата на здравствената дејност утврдени со мрежата.

Здравствените установи во мрежата на здравствени установи, согласно член 25, став (1) од Законот за здравствената заштита, здравствената дејност ја вршат со средства од Буџетот на Република Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, учество со лични средства на осигурените лица и здравствените услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства, под услови утврдени со закон.

На јавните здравствени установи се однесува и член 72, од Законот за установите, со кој е утврдено дека установата одговара за своите обврски со средствата со кои располага, а основачот на јавната установа одговара за обврските на установата неограничено.

Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост во членот 1, уредуваат кои се правата и должностите на државните органи во однос на набавката, користењето и располагањето со стварите во државна сопственост и евиденцијата на стварите што како долгорочни средства ги користат државните органи за извршување на работите и задачите во земјата и во странство, освен за стварите што ги користат дипломатско-конзуларните претставништва на Република

Македонија, како и правата и должностите основани од државата во однос на набавката, размената, користењето на недвижни и движни ствари и продажбата на движни ствари.

Со членот 2, од горенаведениот закон, терминолошки се утврдуваат поимите употребни во законот, при што под „државни органи“ се третираат органите на државната управа и органите на законодавната, извршната и судската власт, а како „правни лица основани од државата“ се јавни установи од областа на здравството, образованието и науката, културата, детската заштита, социјалната заштита, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија основани од државата, независни регулатори и тела основани од државата, трговски друштва во целосна државна сопственост, и други институции основани од државата. Под „располагање со ствари“ се третира право да се одлучува за сопственоста на стварите што ги користат државните органи и правните лица основани од државата.

Во членот 3, став (1), од истиот закон, е предвидено дека „со стварите во државна сопственост“ што ги користат државните органи и правните лица основани од државата, во името на Република Македонија, располага Владата на Република Македонија ако со овој или со друг закон поинаку не е определено.

Тргнувајќи од горенаведеното, произлегува дека подвижните предмети и права на јавните здравствени установи се предмет на посебен третман во ситуација на присилно извршување согласно Законот за извршување.

Оттука, член 218, став (1), од Законот за извршување е јасен и прецизен и нема потреба од давање на автентично толкување на истиот.

## <u>Точка 93</u>

Владата ја разгледа Иницијатива поднесена од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на зборот” осум” од член 33 став 1 и зборовите ги “извести” од член 37, став 3, од Законот за државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/07, 81/07, 36/11, 18/13, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 152/15 и 53/16) и притоа го утврди следново мислење:

Со иницијативата, се поведува постапка за оценување на уставноста на член 33, став 1, во однос на зборот: „осум“ и членот 37, став 3, во однос на зборовите: „ги извести“ од Законот за државен пазарен инспекторат, сметајќи дека со нив законодавецот ги намалил правата и правните интереси, односно ја намалил правната заштита утврдени во членот 2, став 2 и членот 106, став 1, од Законот за општата управна постапка со што кај граѓаните предизвикал правна несигурност и истите се во директна спротивност со членот 8, став 1, алинеја 3, член 51 и член 96, од Уставот на Република Македонија.

Согласно, член 8, алинеја 3, од Уставот на Република Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другото, е утврдено и владеењето на правото.

Согласно, член 51, од Уставот на Република Македонија, во Република Македонија, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 96, од Уставот на Република Македонија, органите на државната управа, работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Според член 1, од Законот за општата управна постапка, со овој закон се уредува постапката за остварување на заштита на правата и правните интереси на физичките лице, правните лица и другите странки, како и заштита на јавниот интерес по која се должни да постапуваат министерствата, органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје, кога во вршењето на своите законски надлежности, постапуваат, решаваат и преземаат други управни дејствија во управни работи.

Согласно член 2 став 2, од истиот закон, со посебните закони, одделни работи може да се уредат поинаку од овој закон, доколку не се во спротивност со основните начела и целта на овој закон и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките загарантирана со овој закон.

Согласно член 106, став 1, од претходно цитираниот закон, странката може да изјави жалба против управниот акт во рок од 15 дена од денот на доставувањето, односно известувањето за управниот акт, освен ако со посебен закон не е определен подолг рок.

Во член 1, став (1), од Законот за инспекциски надзор е утврдено дека со овој закон се уредуваат условите и начинот на издавање и одземање лиценца за инспектор, правата и должностите на инспекторите, основите за организација и работа на инспекциските служби, основните права и обвски на субјектите на инспекциски надзор, основањето, статусот и работата на Инспекцискиот совет, начинот и постапката на вршење инспекциски надзор, како и други прашања кои се однесуваат на инспекцискиот надзор. Според став (2), од истиот член, одредбите од овој закон се применуваат во сите постапки на вршење на инспекциски надзор од страна на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата (во натамошниот текст: инспекторати), или како организациони единици во рамките на органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, освен во посебните постапки на вршење на инспекциски надзор во областа на даночното, царинското и финансиското работење утврдени со закон.

Според член 33, став 1, од Законот за државен пазарен инспекторат, против решението на инспекторот, односно директорот може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Согласно член 37, став 2 од претходно цитираниот закон, правните и физичките лица, граѓаните и нивните здруженија можат да поднесат пријави до Инспекторатот во врска со повредата на прописите од надлежност на Инспекторатот. Според ставовите 3 и 4 од овој член, по извршениот инспекциски надзор и спроведената управна постапка од ставот 1 на овој член, Инспекторатот ќе ги извести лицата за утврденото и преземените мерки во рок од 30 дена сметано од денот на поднесување на пријавата. Инспекторатот ќе ги извести лицата за утврденото по повод пријавите од ставот 2, на овој член најдоцна во рок од 30 дена сметано од денот на поднесување на пријавата.

Од анализата на наведените уставни и законски одредби, произлегува дека се работи за две различни постапки (управна постапка и постапка на инспекциски надзор) така што во

никој случај не може да стане збор за неусогласеност на член 33 став 1 во делот: „осум“ од Законот за државен пазарен инспекторат со член 2, став 2, и член 106, став 1, од Законот за општата управна постапка. Воедно, укажуваме дека оспорените одредби се во согласност со Уставот и законите од причина што се работи за конкретизирање на рок во материјалниот закон, кој е посебен закон, согласно потребата и ефикасноста на самата постапка, а уставните и законските одредби тоа и го дозволуваат.

Во овој случај, законодавецот со одредбите на член 33, став 1, од Законот за државен пазарен инспекторат се стремел за поефикасна постапка и заштеда на време на сите вклучени страни во постапката задоволувајќи ги потребите и барањата, како и можноста за добар исход на постапката.

Аналогно на претходно наведеното, се укажува дека и одредбите на член 37, став 3, во кои е утврдено известување на лицата за утврденото и преземените мерки во рок од 30 дена се законски и се во согласност со Уставот на Република Македонија. Согласно горе наведеното, сметаме дека со Законот не им е одземено правото на граѓаните да добијат управен акт од причина што не се работи за управна постапка и во овој случај не преставува акт спрема лицето кое поднесува пријава до Инспекторатот, туку инспекторот презема инспекциски надор согласно нивната пријава врз правните лица за кое е поднесено пријавата и е должен да го извести подносителот за преземената активност, и отука произлегува дека е уредена посебна постапка на инспекциски надзор уредена со посебен закон.

Ова дотолку повеќе што, согласно член 12, став (1), од Законот за инспекцискиот надзор е утврдено дека во постапката на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено. Воедно во член 12 став (2) од Законот за инспекциски надзор е пропишано за одредени прашања во врска со инспекцискиот надзор може да се уредуваат со посебни закони, така што е исклучена неусогласеноста на оспорените одредби со одредбите од Законот за општата управна постапка.

Согласно горенаведеното, со оспорените одредби не се повредува начелото на владеење на правото и истите се во функција на доследно спроведување на Уставот, со што во конкретниот случај не станува збор за намалување на правната заштита на граѓаните утврдена во член 2, став 2 и член 106 став 1, од Законот за општата управна постапка и законодавецот не предизвикал правна несигурност.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека оспорените член 33, став 1, во однос на зборот : „осум“ и член 37, став 3, во однос на зборовите: „ги извести“ од Законот за државен пазарен инспекторат се во согласност со член 8, алинеја 3, член 51 и член 96, од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 33, став 1, во однос на зборот: „осум“ и членот 37, став 3, во однос на зборовите: „ги извести“ од Законот за државен пазарен инспекторат, како правно неоснована.

## Точка 94

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 193-а, став 2, во делот: „освен доколку подносителот на претставката изнесува

или пронесува нешто невистинито што може да наштети на честа и угледот на здравствениот работник, односно на здравствениот соработник поради што здравствениот работник односно здравствениот соработник може да поднесе тужба“ од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15 и 37/16), поднесена од Дарко Јаневски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Во Иницијативата за оценување на уставноста на член 193-а, став 2, од Законот за здравствената заштита е наведено дека зборовите „освен доколку подносителот во претставката изнесува или пронесува нешто невистинито што може да наштети на честа и угледот на здравствениот работник, односно на здравствениот соработник поради што здравствениот работник, односно здравствениот соработник може да поднесе тужба" од членот 193-а став 2 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), не се во согласност со членот 24 од Уставот на Република Македонија, бидејќи уставотворецот, со членот 24 став 2 од Уставот на Република Македонија кој гласи „Граѓанинот не може да биде повикан на одговорност, ниту да трпи штетни последици за ставовите изнесени во претставките освен ако со нив не сторил кривично дело“, веќе јасно и недвосмислено нагласил кога може граѓанинот да биде повикан на одговорност, односно да трпи штетни последици за изјавеното во самата претставка и тоа единствено кога со изјавената претставка граѓанинот извршил кривично дело.

Со ваквата одредба, подносителот смета дека законодавецот излегол од рамките на Уставот и поставил дополнителна можност, кога граѓаните би можеле да трпат определени штетни последици по изјавена претставка, а со тоа дополнително оспорените зборови од член 193-а, став 2, од Законот за здравствената заштита не се во согласност со член 8, став 1, алинеја 3, член 16, став 1, и член 51, од Уставот на Република Македонија.

Воедно, при одлучувањето по оваа иницијатива, смета дека Уставниот суд треба да ги има во предвид и одлуките на Уставниот суд и тоа У.бр.111/2007 од 29.10.2007 година, како и У.бр.169/2008-0-1 од 4.15.2009 година.

Согласно член 2, од Законот за постапување по претставки и предлози „Под претставка, односно предлог, во смисла на овој закон, се подразбира секое писмено или усно обраќање на подносителите до органите кои постапуваат по претставките, односно предлозите заради заштита и остварување на своите права и интереси, јавните интереси утврдени со закон или заради поведување на друга иницијатива од јавен интерес.“

Согласно член 193-а, став (1), од Законот за здравствената заштита „Пациентот или членовите на семејството на пациентот поднесуваат претставка во писмена форма или усно на записник до директорот, односно директорите на јавната здравствена установа, со која го изразуваат своето незадоволство поради неприменување и непочитување од страна на здравствените работници и здравствените соработници на принципите и правилата на однесување и работење утврдени од министерот за здравство со Правилникот за хоспитална култура согласно член 27 став (5) од овој закон. Во претставката задолжително се наведува телефон за контакт и точна адреса заради контакт со подносителот на претставката.“

Инаку, Правилникот за хоспитална култура е донесен од министерот за здравство врз основа на член 27, став (5) , од Законот за здравствената заштита и истиот е објавен во („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/15). Со овој Правилник, се утврдува начинот на однесување и постапување во работењето на здравствените работници, здравствените соработници и лица работно ангажирани по било кој основ во здравствената установа преку воведување на принципи и правила на однесување и работење, по кои овие лица постапуваат во извршувањето на работата со цел да се обезбеди примена и почитување на принципите на законитост, професионален интегритет, ефикасност, ефективност и посветеност при вршењето на нивните службени должности.

Согласно член 193-а став (2), од Законот за здравствената заштита „Подносителот на претставката од став (1), на овој член, не смее да биде повикан на одговорност, ниту да трпи какви било штетни последици поради поднесувањето на претставката, освен доколку подносителот во претставката изнесува или пронесува нешто невистинито што може да наштети на честа и угледот на здравствениот работник, односно на здравствениот соработник поради што здравствениот работник, односно здравствениот соработник може да поднесе тужба.“

Согласно член 19, став (1), од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета под насловот „Постапка за утврдување на одговорност и надоместување на штетата“ е наведено „Постапката се поведува со тужба за утврдување на одговорност и надоместување на штета за навреда или клевета, поднесена од оштетеното физичко или правно лице или неговиот законски застапник или старател.“

Тужбата од член 193-а став (2), од Законот за здравствената заштита, е тужбата за утврдување на одговорност и надоместување на штета за навреда или клевета со која се поведува постапка за утврдување на одговорност и надоместување на штета за навреда или клевета согласно член 19, став (1), од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, која здравствениот работник, односно здравствениот соработник би ја поднеле како физичко лице, а која се води од страна на стварно надлежниот основен суд според местото на извршување на навредата или клеветата.

Инаку, со декриминализацијата на навредата и клеветата, во 2012 година беше донесен Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Со овој Закон се уредува граѓанската одговорност за штета нанесена на честа и угледот на физичко или правно лице со навреда и клевета. Како едно од основните начела на кои се потпира овој закон е гаранцијата на слободата на изразување и информирање како една од битните основи на демократското општество.

Согласно член 10, од Европската конвенција за човекови права, секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување на информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Ограничувањето на слободата и информирањето согласно законот се уредуваат со определување на стриктни услови за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во согласност со Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (член 10) и практиката на Европскиот суд за човекови права. Уставот на Република Македонија во членот 24 пропишува дека секој граѓанин има право да поднесува претставки, односно предлози до државните органи и другите јавни служби и на нив да добие одговор.

Правниот основ за постапување по претставките и предлозите е утврден со:
- Уставот на Република Македонија (член 24);
- Законот за постапување по претставките и предлозите;
- Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите и
- Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, како и содржината на извештаите.

Оттука, правото да поднесуваат претставки и предлози и да добијат одговори по нив е уставно загарантирано право на граѓаните. Тоа е алатка, односно процесот што придонесува за целосно почитување на уставните одредби и непосредна примена на меѓународните стандарди за човековите слободи и права, одговорно, совесно и навремено постапување и одлучување за правата на граѓаните, транспарентност на работењето на органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби, како и непречена комуникација и соодветно постапување по претставките и предлозите поднесени од физички и правни лица. Постапката за заштита на уставните и законските права на граѓаните и другите лица пред органите што постапуваат по претставките и предлозите се покренува со поднесување на претставка или предлог.

Притоа, постојат одредени ограничувања на правото на слобода на изразување. Заштитата на достоинството на личноста е една од границите на правото на слобода на изразување.

Овде може ограничувањата „грубо“ да се поделат на два дела:
- Дефамација (клевети и навреди);
- Изнесување лични податоци и повреда на приватноста.

Во системот на човекови права, достоинството на човекот и граѓанинот претставува една од базичните вредности. Практикувањето на слободата на изразување мора во себе да го содржи ова ограничување. Имено, слободата на изразување престанува онаму каде што почнува правото на другиот. Клеветата и навредата се дела во кои смислено се изнесуваат невистини, полувистини или навреди за друга личност со намера да се наруши неговиот углед. Притоа намерата претставува суштински елемент на делото.

Имено, согласно член 6, став (1), од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета „За навреда одговара тој што со намера да омаловажи, со изјава, однесување, објавување или на друг начин ќе изрази за друг понижувачко мислење, со кое се повредува неговата чест и углед.“

Согласно, член 8, став (1), од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета „За клевета одговара тој што за друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да наштети на неговата чест и углед, пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знае или бил должен и може да знае дека се невистинити.“

Притоа, со Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета не е утврдено дека претставката како форма на „искажување“ е основ за исклучување на одговорноста за навреда или клевета (член 7, член 9 и член 10).

Во случај, доколку претставката во која се изнесени/пронесени невистинити факти е пречка за поднесување на тужба, тогаш сите ќе ја користат, односно злоупотребуваат претставката како законска форма со која неказнето и без одговорност ќе изнесуваат или пронесуваат нешто невистинито што може да наштети на честа и угледот на било кој, а во конкретниот случај на честа и угледот на здравствениот работник, односно здравствениот соработник.

Се поставува прашање на кој начин здравствениот работник, односно здравствениот соработник ќе се „одбрани“ од невистинитите факти изнесени во претставката поднесена согласно член 193-а ,од Законот за здравствената заштита.

Односно, какви права има здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој е „нападнат“ од пациентот или членовите на неговото семејство со невистините факти изнесени во претставката.
Покрај правото што му се дава на пациентот и на членовите на неговото семејство да поднесуваат претставки, мора да се предвиди и одговорност за начинот на кој овие лица го користат даденото право, поточно дали го употребуваат правилно даденото право или го злоупотребуваат.

Здравствениот работник, односно здравствениот соработник ќе поднесе (дисциплинска) одговорност доколку наводите во претставката се основани, а која е одговорноста на пациентот и членовите на неговото семејство доколку се утврди дека изнесуваат/пронесуваат невистинити факти во претставката и наводите во претставката се неосновани?! Целта на дадената законска можност да биде поднесена тужба за клевета или навреда е заштита на достоинството на личноста на здравствениот работник, односно здравствениот соработник против кој се изнесени/пронесени невистинити факти, како една од границите на правото на слобода на изразување на пациентите.

Тргнувајќи од ова, се смета дека Иницијативата за оценување на уставноста на член 193-а став (2) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), во делот „освен доколку подносителот во претставката изнесува или пронесува нешто невистинито што може да наштети на честа и угледот на здравствениот работник, односно на здравствениот соработник поради што здравствениот работник, односно здравствениот соработник може да поднесе тужба“, е неоснована поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на наведената законска одредба со оглед на фактот што истата е во согласност со Уставот на Република Македонија.

## **<u>Точка 95</u>**

Владата ја разгледа Иницијатива од Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДООЕЛ Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.167/17 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 7 став 2 и 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 52/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата, подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на горенаведениот член од Законот за игрите на среќа и за забавните игри кој според него не бил во согласност со одредбите на член 8, став 1, алинеи 3 и 7 и со одредбите на член 51 и 55 од Уставот на Република Македонија.

Со оспорените одредби, се спречувал развојот на конкуренцијата помеѓу повеќе приредувачи на игри на среќа и оневозможување на развој на подобри услови при учество во игри на среќа, наведено во Иницијативата. Во Иницијативата се наведува дека со оспорените одредби се пропишува доминантна државна сопственост врз огромен дел на една економска гранка, додека во ниедна друга индустриска или услужна гранка не било предвидено вакво ексклузивно право на сопственост, а во однос на прашањето на приредувањето на електронските игри на среќа од страна на трговско друштво во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина со други приредувачи и трговски друштва во кои друштвото има најмалку 51% учество во капиталот и во правото на одлучување во здружувањето, кое креирало нееднаквост, така што приватното друштво кое ќе станело содружник или акционер на друштвото во доминантна државна сопственост, ќе било подредено на државата. Во Иницијативата, се тврди дека со оспорените одредби се гарантирало дека друштвото морало да биде доминантно со што се креира нееднаквост на пазарот.

Во оспорените одредби не биле утврдени критериуми и постапки за тоа како еден правен субјект во приватна сопственост можел да стане содружник на акционер во друштвото со доминантно учество на друштвата.

Според подносителот на Иницијативата, со оспорената одредба од Законот се воспоставувала нееднаква правна положба на субјектите на пазарот-приредувачи на игри на среќа и се нарушувала слободата на пазарот со нормирање на нееднакви услови на стопанисување на приредувачите на игрите на среќа, на начин што се монополизирале лотариските и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип за трговско друштво во сопственост на државата.

На тој начин се создавале два вида на трговски друштва за вршење на дејноста-приредување на игри на среќа и забавни игри и тоа трговско друштво во државна сопственост и трговски друштва за вршење на оваа дејност врз основа на добиени лиценци или дозволи. Со тоа се овозможило примат на државната сопственост во однос на другите видови на сопственост, а не се работело за добро од општ интерес во смисла на член 56, од Уставот на Република Македонија.

Исто така, според подносителот, со оспорената одредба од Законот се нарушувала слободата на пазарот и се воспоставувала нееднаквост на субјектите на пазарот на начин што со Законот се пропишувале различни услови кои требало да ги исполни трговското друштво во државна сопственост од условите кои требало да ги исполнуваат останатите трговски друштва на кои им се издаваат лиценци или дозволи за приредување на игрите на среќа и забавните игри. Поради тоа, подносителот на иницијативата му предлага на Уставниот суд да донесе решение со кое ќе поведе постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба и потоа да донесе одлука со која членот 7, ставовите 2 и 3 да се прогласат за неуставни и да се стават вон сила.

Според член 8, став 1, алинеи 3 и 7 од Уставот на Република Македонија, правната заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 51, од Уставот на Република Македонија, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон и секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 55, од Уставот на Република Македонија се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.
Според член 7, од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), приредувањето на игрите на среќа и забавните игри утврдени со овој закон е право на Република Македонија, која тоа право може да го пренесе на трговски друштва кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон, преку издавање на лиценца, односно дозвола и тоа само за приредувањето на игрите на среќа утврдени со член 7, став 4, од овој закон. Правото на приредување на лотариските и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, Република Македонија не може да го пренесе на овој начин и овие игри на среќа Република Македонија самостојно ги приредува со основање на трговско друштво за приредување на игри на среќа во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.
Законот единствено го врзува правото на приредување на лотариските и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип за трговско друштво регистрирано согласно Законот за трговските друштва, без оглед на формата на друштвото, како и сите други трговски друштва во Република Македонија кои имаат законска можност да се стекнат со правото на приредување на игри на среќа и на забавни игри, под услов во ова друштво Република Македонија да е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главина на друштвото. Според тоа, неосновано е повикувањето на подносителот на иницијативата за спротивност на оваа одредба со уставната обврска на Републиката од член 55, од Уставот за преземање мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот со оглед на тоа што за останатите 49% од акциите или уделите во ова трговско друштво дадена е законска можност да бидат во сопственост на останати правни или физички лица. Токму со Законот за игрите на среќа и за забавните игри, законодавецот користејќи го своето овластување ја утврдил сопственичката организација на трговското друштво за приредување на лотариски и електронски игри на среќа, земајќи ги во предвид наведената специфичност на оваа дејност и карактерот на соодветните игри на среќа.

Според тоа, законодавецот се определил правото на приредување на лотариските и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип како лотариска игра на среќа, да го задржи за државата, која ова право ќе го врши преку основање на трговско друштво кое овие игри на среќа ќе ги приредува во име и за сметка на Република Македонија.

Со оглед на тоа што правото на приредување на наведените игри на среќа од страна на Република Македонија произлегува од самиот закон, од страна на законодавецот не е пропишана обврска за издавање на лиценца на трговското друштво основано во согласност со член 7, став 2 и 3 од Законот, со оглед дека во овој случај не постои пренесување на правото на приредување на игрите на среќа, за што би се издавала соодветна лиценца или дозвола и за која би постоело обврска за плаќање на надоместок за нејзиното издавање.

Согласно претходно цитираните одредби на членот 7 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри е предвидено само еден вид на игри на среќа-лотариски да ги приредува исклучиво Република Македонија, додека за останатите игри на среќа е дозволено истите да се приредуваат заедно со трговското друштво основано од државата или самостојно, така што наводите во Иницијативата дека со оспорените одредби се припишува доминантна државна сопственост врз огромен дел од една економска гранка како и планска и државно доминирана економија, се неосновани.

Но, од друга страна, со Законот се пропишани низа услови кои трговското друштво од член 7, став 2, од Законот, задолжително треба да ги исполнува за да може во име и за сметка на Република Македонија да ги приредува игрите на среќа.

Имено, со член 27, од Законот е пропишан најнискиот износ на основната главнина на трговското друштво од член 7, став 2, од Законот која според овој член изнесува 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Исто така, со член 26, од Законот се уредени условите кои  друштвото од член 7, став 2, од Законот треба да ги исполнува, односно документите кои друштвото по неговиот упис во трговскиот регистар кој се води во Централниот регистар на Република Македонија и по целосната уплата на основната главнина на друштвото задолжително треба да ги приложи до Министерството за финансии, кое врз основа на член 26, став 2, од Законот врши проверка на нивната комплетност и соодветност.

Определбата на законодавецот, користејќи го своето легитимно право, за задржување на правото на приредување на лотариските и електронските игри на среќа кај државата, освен томболата од затворен тип, односно нивно не пренесување на останатите субјекти на пазарот произлегува од видот и карактерот на овие игри на среќа, начинот на нивното приредување, обемот и сложеноста на овие игри на среќа и особено на фактот на нивната широка распространетост и достапност за субјектите како учесници во овие игри на среќа. Приредувањето на игрите на среќа по својот карактер е мошне специфична дејност за што законодавецот пропишал строги услови чие исполнување е неопходно за да се започне со нејзино вршење, имајќи ја во предвид заштитата на учесниците во игрите на среќа и социјалната димензија на истите.

Првенствена цел на приредувањето на игрите на среќа од аспект на државата не е стекнување на приход, туку обезбедување на заштита, гаранција, сигурност и спречување на негативните влијанија кои игрите на среќа можат да ги имаат кај учесниците во игрите на среќа и нивните семејства.

Според тоа, неопходно е соодветно законско одредување на условите, начинот и обемот на приредувањето на игрите на среќа и особено создавање на соодветни механизми за заштита на учесниците во игрите на среќа.

Од тие причини, законодавецот се определил приредувањето на дел од игрите на среќа да го довери на државата, а за останатиот дел од игрите на среќа и за забавните игри пропишал механизам за лиценцирање на субјекти кои ќе ги исполнат пропишаните услови, со што не се нарушува уставното начело на слобода на пазарот и претприемништвото и секој кој ги исполнува законските услови добива лиценца или дозвола и ја врши дејноста- приредување на игри на среќа слободно на пазарот.

Според член 494 став 1 од Законот за трговските друштва, друштво коешто во друго друштво стекнало удел односно акции коишто во основната главнина на другото друштво се претставени со повеќе од 50% или кога на собирот на содружниците односно на собранието на другото друштво му припаѓаат повеќе од 50% на сите гласови, се смета за друштво коешто во друго друштво има мнозинско учество. Според став 2 од истиот член, друштвото на коешто му припаѓа мнозинскиот удел или акции, односно мнозинството гласови во друго друштво се смета, во смисла на овој закон, за друштво со мнозински удел, а другото друштво за друштво во мнозинска сопственост.

Според став 3 од истиот член колкав удел му припаѓа на едно друштво се определува кај друштвото со ограничена одговорност, акционерското друштво и командитното друштво на акции според соодносот на номиналниот износ на уделите односно на акциите спрема вкупниот номинален износ на основната главнина што му припаѓа на другото друштво. Сопствените удели односно акции на друштвото треба да се одбијат од основната главнина. Со сопствените удели односно акции на друштвото се изедначени уделите односно акциите како што му припаѓаат на некој друг кој ги држи за сметка на тоа друштво. Според став 4, од истиот член колкав број гласови на собирот на содружниците, односно на собранието му припаѓа на друштвото со мнозинско учество во другото друштво се определува спрема односот на бројот на гласовите коишто тоа може да ги стекне врз основа на уделот односно акциите во однос на вкупниот број на сите гласови. Од вкупниот број гласови се одбиваат гласовите од сопствените удели односно акции како и од уделите односно акциите коишто му припаѓаат на некој друг кој ги држи за сметка на тоа друштво.

Со претходно цитираните одредби од Законот за трговските друштва е уредено прашањето за друштвото со мнозинско учество или со мнозинско право на одлучување во друго друштво, така што наводите во Иницијативата дека правното лице кое ќе стане содружник или акционер на друштвото во доминантна државна сопственост ќе биде секогаш подреден на државата и дека се креира дисбаланс помеѓу друштвото во приватна сопственост и компаниите во мнозинска државна сопственост се неосновани.

Овој начин на уредување на пазарот на игрите на среќа е широко распространет во земјите членки на Европската унија, другите европски земји и другите земји со функционална пазарна економија, без да се доведат во прашање слободниот пазар, слободата на претприемништвото, еднаквоста на субјектите на пазарот, правната заштита на сопственоста во нивните правни поредоци и либерално-демократскиот карактер на нивните највисоки правни акти.

Пример за земји во кои правото на приредување на одредени игри на среќа е задржано од страна на државата и каде приредувањето само на одредени игри на среќа се пренесува на останатите субјекти се Полска, Естонија, Хрватска, Бугарија и Австрија.

Со оглед на горенаведеното, не може да се тврди дека со нападнатите одредби на член 7 од Законот е повредена правната заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото.

Со оглед на тоа што правото на приредување на игрите на среќа согласно член 7, став 1, од Законот од горенаведените причини е утврдено како право на Република Македонија, таа ги приредува игрите на среќа за кои законодавецот со овој закон ја овластил.

Како што е погоре кажано, Република Македонија го задржува правото за приредување на игрите на среќа како ексклузивно право за себе со тоа што во Законот за игри на среќа и забавни игри се пропишани условите кои треба да ги исполнуваат правните лица за да може одредена игра на среќа да им биде пренесена тие самостојно да ја приредуваат. Со оглед на фактот што приредувањето на лотариските и електронските игри на среќа не се пренесува на други правни субјекти, како модел на приредување на истите е избрано основање на трговско друштво кое е во доминантната сопственост на Република Македонија. Монополската положба на која се повикува подносителот на иницијативата не може да се однесува на правата кои за себе ги има задржано Република Македонија, а особено не во игрите на среќа. Не може да се зборува за монополска положба на правата за извршување на дејности на Република Македонија, а кои се остваруваат преку Владата на Република Македонија. Во законодавството на Република Македонија постои соодветна регулатива врз основа на која може да се констатира дали во одредена дејност постои монополска положба, но сепак треба да се има во предвид дека монополската положба се утврдува за пазарните дејности т.е. дејностите кои се слободни на пазарот и за кои државата го нема задржано своето ексклузивно право за извршување.

Приредувањето на останатите игри на среќа може да се врши од страна на секој субјект кој ќе ги исполни законските услови и кој ќе поднесе соодветно барање до надлежен орган и за тоа ќе добие соодветна лиценца или дозвола, во зависност од видот на играта.
Согласно претходно наведеното, одредбите на член 7, ставови 2 и 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри се во согласност со член 8, став 1, алинеи 3 и 7 и член 51 и 55 од Уставот на Република Македонија, така што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија, предметната иницијатива да ја отфрли како неоснована.

## Точка 96

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.161/2017 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 19-а став 1, алинеја 3, од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“, бр.50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014 и 33/2015), поднесена од Стамен Филипов од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Во предметната иницијатива, подносителот наведува дека треба да се пристапи кон оценување на уставноста на одредбата на член 19-а, став 1, алинеја 3, од Законот за инспекциски надзор, со оглед дека со одредбата на член 19-а, став 1, алинеја 3, според која Инспекцискиот совет е должен да донесе решение со кое на инспекторот ќе му ја одземе лиценцата за инспектор, во случај ако утврди дека, меѓудругото, е осуден за кривично дело во врска со службената должност кое го прави недостоен за инспектор и за вршење на работите во инспекциска служба, со денот на правосилноста на пресудата, не е дефиниран видот на кривичното дело и висината на казната што би имало како последица

да му се одземе лиценцата за инспектор. Исто така, подносителот наведува дека без да се конкретизира кривичното дело што го прави лицето недостојно да ја врши таа професија и без да е определена санкцијата што треба да е изречена за кривичното дело, оспорената одредба дава можности, постоењето на недостојност да може да се оцени и кога е изречена парапенална кривична санкција и ослободување од казна.

Притоа, подносителот на иницијативата наведува дека оспорената законска одредба е спротивна на Уставот на Република Македонија, дека ваквата формулација на законската одредба е непрецизна и недоречена со што се доведува во прашање правната сигурност на граѓаните, односно дека со истата се повредува принципот на владеењето на правото гарантиран со член 8 став 1 алинеја 3 и принципот на легалитет од член 14, став 1, од Уставот на Република Македонија, како и дека истата е спротивна на член 9, член 13, став 1, член 23, член 32, ставови 1 и 2, член 51 и член 54, од Уставот на Република Македонија. Согласно, член 9, став 2, од Уставот на Република Македонија, граѓаните пред Уставот на Република Македонија и законите се еднакви (став 2).

Согласно член 13, од Уставот на Република Македонија, лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука. Лицето незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено, има право на надомест на штета и други права утврдени со закон.

Согласно, член 23, од Уставот на Република Македонија, секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Согласно, член 32, од Уставот на Република Македонија, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат.

Согласно, член 51, од Уставот на Република Македонија, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот на Република Македонија, а сите други прописи со Уставот на Република Македонија и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот на Република Македонија и законите.

Согласно, член 54, од Уставот на Република Македонија, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот на Република Македонија. Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот на Република Македонија. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

Имено, согласно член 19-а, став 1, алинеја 3, од Законот за инспекциски надзор, Инспекцискиот совет е должен да донесе решение со кое на инспекторот ќе му ја одземе лиценцата за инспектор, во случај ако утврди дека, меѓудругото, е осуден за кривично

дело во врска со службената должност кое го прави недостоен за инспектор и за вршење на работите во инспекциска служба, со денот на правосилноста на пресудата.

Со член 353, од Кривичниот законик, јасно е дефинирана злоупотребата на службената положба и овластување, па така со наведениот член е утврдено дека: (1) Службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години. (2) Ако сторителот на делото од став 1, ќе прибави поголема имотна корист или ќе предизвика поголема имотна штета или потешко ќе ги повреди правата на друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. (3) Ако сторителот на делото од став 1, прибави значителна имотна корист или нанесе значителна штета, сторителот ќе се казни со затвор најмалку три години. (4) Со казна од ставовите 1, 2 и 3 ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што има претставништво или врши дејност во Република Македонија или лице што врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност. Ако делото од ставовите (1) и (4) е сторено при вршење јавни набавки или на штета на средствата од Буџетот на Република Македонија, од јавните фондови или од други средства на државата, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Во таа насока, а со оглед дека во оспорената законска одредба прецизно е утврдено дека се работи за кривично дело „во врска со службената должност", јасна е интенцијата на законодавецот дека се мисли на злоупотребата на службената положба и овластување, односно со предметната одредба конкретизиран е видот на кривичното дело за кое Инспекцискиот совет би можел да ја одземе лиценцата за инспектор.

Врз основа на горенаведеното, се смета дека Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 19-а став 1, алинеја 3, од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија". бр. 60/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015, 53/2016 и 11/2018), поднесена од Стамен Филипов од Скопје, е неоснована, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

## Точка 97

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Сојуз на здруженија на возачи и инструктори, авто школи и учесници во сообраќајот АМС АР-ДИ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.162/2017 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 244 став 3 и став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.169/2015, 226/2015 и 55/2016) и притоа го утврди следното мислење:
Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 244 став 3 и став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.169/2015, 226/2015 и 55/2016).

Во врска со ова, подготвен е Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, кој е во постапка за утврдување од страна на Владата на Република Македонија, со кој наведените одредби кои се оспорени со

предметната Иницијатива, се изменети во насока на надминување на конкретните дилеми содржани во Иницијативата. Имајќи го предвид горенаведеното, Владата му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за оценување на уставноста на член 244 став 3 и став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.169/2015, 226/2015 и 55/2016).

## Точка 98

Владата ја разгледа Понудата од нотар Роза Николова, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6203 за КО Ѓорче Петров 4 - Влае на КП бр. 2989 и имајќи ги предвид Известувањето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 99

Владата ја разгледа Понудата од нотар Олга Димовска, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 29132 за КО Карпош на КП бр. 1568 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 100

1. Владата како акционер во ГА-МА-Скопје, заклучи да му предложи на Собранието на АД ГА – МА – Скопје, да го отповика Бејтула Адеми од должноста неизвршен член на Одбор на директори на АД ГА – МА – Скопје, а да го избере Рафис Алити за неизвршен член на Одборт на директори на АД ГА – МА – Скопје.

1.1. Владата го разреши Ирфан Одаи од должноста вршител на должноста директор на Бирото за судски вештачења, орган во состав на Министерството за правда, на негово барање.
1.2. Владата го именува Валдет Џафери, за вршител на должноста директор на Бирото за судски вештачења, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го именува Бујар Дардишта за вршител на должноста директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Ѓорѓи Георгиевски од должноста вршител на должноста директор на Бирото за јавни набавки, орган во состав на Министерството за финансии.

3.1. Владата го именува Бардул Насуфи за вршител на должноста директор на Бирото за јавни набавки, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го именува Екрем Буњаки досегашен в.д. директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција, орган во состав на Министерството за економија, за директор

на Државниот инспекторат за техничка инспекција, орган во состав на Министерството за економија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го разреши Роберт Василковски од должноста в.д. директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија.

5.1. Владата ја именува Мерита Мустафаи, за директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го именува Ејуп Јаја досегашен в.д. директор на Државниот инспекторат за шумарсво и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за директор Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата го разреши Џемаил Ељмази од должноста вршител на должноста директор на Бирото за регионален развој, орган во состав на Министерството за локална самоуправа.

7.1. Владата го именува Рамиз Реџепи за директор на Бирото за регионален развој орган во состав на Министерството за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата го именува Руфат Хусеини досегашен в.д. директор на Државниот инспекторат за транспорт, орган во состав на Министерството за транспорт и врски, за директор на Државниот инспекторат за транспорт, орган во состав на Министерството за транспорт и врски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го разреши Мирослав Богдановски од должноста в.д. директор на Државниот инспекторат за животна средина орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

9.1. Владата го именува Фејзула Спахија за директор на Државниот инспекторат за животна средина орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата го именува Екрем Зендели досегашен в.д. заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, за заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го именува Агрон Буџаку досегашен в.д. директор на Центарот за управување со кризи, за директор на Центарот за управување со кризи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата го именува Реси Абдурахмани досегашен в.д. директор на Агенцијата за стоковни резерви, за директор на Агенцијата за стоковни резерви и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата го именува Сафет Емрули досегашен в.д. директор на Државниот завод за индустриска сопственост, за директор на Државниот завод за индустриска сопственост и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

14. Владата го именува Асип Усеини за заменик на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата го именува Уљуси Бекири досегашен в.д. директор на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за директор на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

16. Владата го именува Лиман Мухаџири досегашен в.д. заменик на главниот ревизор на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, за заменик на главниот ревизор на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

17. Владата го именува Садуш Арифи за заменик на директорот на КПУ Затвор Скопје и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

18. Владата го разреши Садуш Арифи, од должноста в.д. заменик на директорот на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес.

18.1. Владата го именува Феми Јонузи за в.д заменик на директорот на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

19. Владата го именува Марјан Спасовски, досегашен в.д.директор на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, за директор на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

20. Владата го именува Мевљан Џемаили, досегашен заменик на директорот на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, за в.д. заменик на директорот на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

21. Владата го именува Мурат Рамадани досегашен в.д. директорот на КПУ Затвор Тетово, за в.д. директорот на КПУ Затвор Тетово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

22. Владата го разреши Мартин Донев од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на негово барање.

23. Владата ја разреши Виолета Хаџиева –Гиноска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Македонски Брод, на нејзино барање.

24. Владата ја именува Снежана Мешкова за член на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди.

25. Владата го именува Бурим Кадриу за член на Надзорниот одбор на Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје.

26. Владата ја разреши Павлина Зефиќ од должноста член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, на нејзино барање.

27. Владата го отповика Трпко Гиноски од должноста член на Надзорниот одбор на АД за транспорт Македонски железници транспорт АД – Скопје.

27.1. Владата ја избра Билјана Младеновска за член на Надзорниот одбор на АД за транспорт Македонски железници транспорт АД – Скопје.

28. Владата го отповика Емрла Укшини од должноста член на Одборот на директори на Акционерско друштво „Водостопанство на Република Македонија“, во државна сопственост.

28.1. Владата го избра Иљми Селами за член на Одборот на директори на Акционерско друштво „Водостопанство на Република Македонија“, во државна сопственост

29. Владата го отповика Благојче Котески од должноста член на Одборот на директори на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности „Македонски енергетски ресурси“, Скопје, во државна сопственост.

29.1. Владата го избра Бајрам Реџепи за член на Одборот на директори на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост.

30. Владата го именува Лазар Еленовски за специјален претставник на Владата на Република Македонија за прашања од областа на НАТО интеграциите во Брисел.

31. Владата заклучи да му предложи на Собранието на АД ГА – МА – Скопје, да го отповика Бејтула Адеми од должноста неизвршен член на Одбор на директори на АД ГА – МА – Скопје, а да го избере Рафис Алити за неизвршен член на Одбор на директори на АД ГА – МА – Скопје.

32. Владата го разреши Андреа Соколовски од должноста в.д директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола.

32.1. Владата го именува Елгафар Јусуфи за в.д директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

33. Владата го именува Вулнет Адеми за в.д. директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

34. Владата заклучи предлозите за именување на директор на Бирото за развој на образованието и заменик на директорот на Управата за животна средина, да се разгледаат на наредната седница на Владата.

3. Владата заклучи:

- Се укажува на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности да објави оглас за избор на заменик на директор на Агенцијата.

**Точка 101**

1. Владата ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Државниот студентски дом „Скопје“ – Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Државниот студентски дом „Скопје“ – Скопје.“

2. Владата заклучи Заклучокот од Деведесет и деветтата седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година (Точка 99 Прашања и предлози), заклучок број 24 од поглавје „ЗАШТИТА НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА“ кој гласи: „Се задолжува Министерството за труд и социјална политика на секои шест месеци до Владата да доставува информација за прогрес на реализација на Акцискиот план за пристапни рампи за лицата со инвалидност“ да се измени и да гласи: „Се задолжува Министерството за труд и социјална политика до Владата да достави информација за прогрес на реализација на Акцискиот план за пристапни рампи за лицата со инвалидност до 20.3.2018 година“

3. Владата се информираше со Декларацијата по повод 75 години од депортацијата на Евреите од Македонија во логорот на смртта Треблинка

4. Владата го разгледа и прифати Барањето за изменување на заклучок од Министерството за финансии бр.12-1052/1 од 23.2.2018 година, во врска со Извадокот од Нацрт-записникот на 52-та седница на Владата, одржана на 30.1.2018 година, точка 47 (Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со предлог – одлуки) и притоа заклучи Министерството за финансии да се изземе од обврската да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација за степенот на реализација на проектите и нивната функционалност т.е. опремата што се отстапува, согласно содржината на наведената информација.

Истовремено, се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерство за правда – Управа за водење на матичните книги, Царинската управа, Државниот завод за статистика и Агенцијата за вработување на Република Македонија, а се препорачува на Државната изборна комисија, Македонска академска истражувачка мрежа, Македонски железници Транспорт АД – Скопје, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Централниот регистар на Република Македонија, Основен суд Скопје 1-Скопје и Основен суд Скопје 2-Скопје, да достават информации за степенот на реализација

на проектите и нивната функционалност т.е. отстапената опрема, согласно донесените одлуки бр. 44-8775/1 ..... 44-8775/16 од 30.1.2018 година.

5. Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за категоризација, обем на користење и работно време на граничните премини, во предложениот текст.

6. Владата го разгледа и го прифати Известувањето од Управата за јавни приходи по однос на задолжението да достави Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, во насока агенциите за вработување да немаат посебен третман за разлика од другите корисници, а Министерството за труд и социјална политика да достави Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за агенциите за привремени вработувања, доставено врз основа на Заклучокот од Точка 97 од 50-та седница на Владата, одржана на 23.1.2018 година.

7. Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Православен богословски факултет „Св.Климент Охридски“ Скопје, за наредната седница на Владата.

8. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 19.2.2018 година до 25.2.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

9. Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за менување на називот на Аеродромот во Скопје, во предложениот текст.

## Точка 102

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата и за потребата од преземање мерки околу загадувањето на акумулацијата „Лисиче“ - Велес, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата заклучи да ја разгледа можноста за решавање на проблемот на општина Чашка со фекалните отпадни води и собирање на отпадот, во рамки на можностите за финансирање на овој проект.

## Точка 103

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на АД МЕПСО Скопје за прв квартал (јануари-март) од 2017 година, со дополнувањето/образложението кон него, како материјал за информирање.

## Точка 104

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 105

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од раскинување на Договорот за доделување на државна помош на корисник на Технолошко индустриската развојна зона „Скопје 2“ склучен помеѓу Владата на Република Македонија и ДПТТУ „Енергија Инвест ЛТД“ експорт - импорт ДООЕЛ Илинден, како материјал за информирање.

## Точка 106

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државниот испитен центар за 2017 година, со Финансиски извештај за 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 107

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за работа на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба во 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 108

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправна сеча на шума во периодот од 1.10.2017 до 31.12.2017, како материјал за информирање.

## Точка 109

Владата ја разгледа Информацијата од трилатералната средба на министерот на Владата на Република Македонија задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми, со државниот министер за дијаспора на Република Албанија, Пандели Мајко и заменик претседателот на Владата на Република Косово и министер за дијаспора и стратешки инвестиции, Дардан Гаши, одржана во Охрид на 24.1.2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 110

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Меѓувладина мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, со Предлог-решение и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе Решението за именување на претседател и членови на македонскиот дел на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, во предложениот текст.

2. Да престане мандатот на членовите на меѓувладината Мешовита комисија (ММК) за спроведување на Спогодбата, која е формирана по пат на размена на ноти меѓу Министерството за надворешни работи на Република Македонија и Министерството за надворешни работи на Република Хрватска, на 14.1.2009 година.

**Точка 111**

Владата го разгледа Предлогот за затворање на Почесен конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Тусон, со Предлог-одлука, го прифати Предлогот и ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Тусон, во предложениот текст.

**Точка 112**

Владата го разгледа Предлогот за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Тусон, со Предлог-решение, го прифати Предлогот и го донесе новиот текст на Решението за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Тусон, во предложениот текст.

**Точка 113**

Владата го разгледа и го прифати Предлогот за затворање на Почесен конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Сан Диего, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Сан Диего, во предложениот текст.

**Точка 114**

Владата го разгледа и го прифати Предлогот за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Сан Диего, со Предлог-решение (нов текст) и го донесе Решението за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Сан Диего, во предложениот текст.

**Точка 115**

Владата го разгледа и го прифати Предлогот за затворање на Почесен конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Колумбус (Охајо), со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Колумбус (Охајо), во предложениот текст.

**Точка 116**

Владата го разгледа и го прифати Предлогот за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Колумбус (Охајо), со Предлог-решение (нов текст) и го донесе Решението за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Колумбус (Охајо), во предложениот текст.

**Точка 117**

Владата го разгледа и го прифати Предлогот за затворање на Почесен конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Њу Порт Коуст, со Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Њу Порт Коуст, во предложениот текст.

**Точка 118**

Владата го разгледа и го прифати Предлогот за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Њу Порт Коуст со Предлог-решение и го донесе Решението за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Њу Порт Коуст (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 119**

Владата го разгледа Предлогот за затворање на Почесен конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Наплес (Флорида), со Предлог-одлука, го прифати Предлогот и ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Наплес (Флорида), во предложениот текст.

**Точка 120**

Владата го разгледа и го прифати Предлогот за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Наплес (Флорида) со Предлог-решение и го донесе Решението за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во САД, со седиште во Наплес (Флорида), во предложениот текст.

**Точка 121**

Владата го разгледа и прифати Предлогот за затворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Индија, со седиште во Бангалор, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Македонија во Индија, со седиште во Бангалор, во предложениот текст.

**Точка 122**

Владата го разгледа и прифати Предлогот за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во Индија, со седиште во Бангалор, со Предлог-решение и го донесе Решението за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во Индија, со седиште во Бангалор, во предложениот текст.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 17:10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**